СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„Таки Даскало“
Битола

ISSN 1409-8598

СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ

РАЗГЛЕДИ

год. IX бр. 19 - 20

2024

Првиот број на билтенот „Разгледи“
е објавен во 1999 г.

Р А З Г Л Е Д И - СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ

Година IX, бр. 19-20, април 2024 г.
ISSN 1409-8598

Првиот број на билтенот „Разгледи“ е објавен во 1999 год.

ИЗДАВАЧ:
СОУ „Таки Даскало“ – Битола, ул. „Димитар Илиевски Мурато“ бр. 37, Битола
e-mail: takidaskalobitola@gmail.com, www.takidaskalo.edu.mk

ЗА ИЗДАВАЧОТ:
Ристо Грујовски, директор

РЕДАКЦИЈА:
Весна Мундишевска-Велјановска, главен и одговорен уредник
Кики Младенова, наставник по англиски јазик
м-р Марија Младеновска-Димитровска, училишен психолог
д-р Роберто Трајковски, наставник по историја

ЈАЗИЧНА РЕДАКЦИЈА:
Јулијана Јосифовска, наставник по македонски јазик и литература

КОМПЈУТЕРСКА ОБРАБОТКА:
Весна Мундишевска-Велјановска, наставник по графички стручни предмети

КОРИЦА:
Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети

ПЕЧАТИ: „Графо Пром“ – Битола

Стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ е формиран во 1999 година заради поголемо информирање и соработка на сите вработени во училиштето во насока на следење на модерните трендови во образованието, зголемување на квалитетот на наставата и унапредување на воспитно-образовната практика.

Првата редакција на „Разгледи“ ја сочинуваа: Весна Мундишевска (наставник по графички стручни предмети), Мирјана Гичевска (училишен психолог), Гоне Јакчулев (помошник директор) и Милица Радевска (наставник по македонски јазик и литература, која од бр.1/1999 до бр.15-16/2011 вршеше и јазична редакција на билтенот).

Јазична редакција на билтенот спровеле и наставниците по македонски јазик и литература Билјана Атанасовска (бр.17-18/2014), Богослав Новески (бр.17-18/2014) и Јулијана Јосифовска (бр.17-18/2014 и бр.19-20/2024).

Компјутерската обработка за сите броеви (освен бр.17-18/2014) ја изведувала Весна Мундишевска-Велјановска (самостојно или како одговорен наставник за ДТП секцијата), а кориците за бр.13-14/2010, бр.15-16/2011, бр.17-18/2014 (корици и компјутерска обработка) и бр.19-20/2024 ги изработи Миле Атанасоски, наставник по графички стручни предмети.

Во повеќе броеви (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001, бр.6,7,8/2003, бр.9-10/2004 и бр.11-12/2005) активно биле вклучени и учениците од графичката струка (од ДТП секцијата) и тоа како автори на фотографии или во делот на компјутерската обработка (издвојуваме дека тогашниот ученик Ице Огненовски е автор на дизајнот на насловот „Разгледи“ кој го задржавме како наш препознатлив белег до денес).

Во редакцијата на стручниот билтен на наставниците „Разгледи“ од првиот број па сè до овој дваесетиот учествувале: Весна Мундишевска-Велјановска (во сите броеви), Милица Радевска (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001, бр.6,7,8/2003, бр.9-10/2004, бр.11-12/2005, бр.13-14/2010 и бр.17-18/2014), Мирјана Гичевска (бр.1/1999, бр.2-3/1999, бр.4-5/2001 и бр.6,7,8/2003), Гоне Јакчулев (бр.1/1999 и бр.6,7,8/2003), Евгенија Маневска (бр.4-5/2001), Љубица Мешкова-Солак (бр.9-10/2004 и бр.15-16/2011), м-р Јасмина Бабушковска Василевска (бр.9-10/2004), Тереза Литовска Фердинанди (бр.11-12/2005), д-р Анита Ангелевска (бр.13-14/2010 и бр.15-16/2011), д-р Лидија Стефановска (бр.13-14/2010), Тони Видевски (бр.15-16/2011), Љупчо Поповски (бр.15-16/2011), Славица Наумовска (бр.15-16/2011 и бр.17-18/2014), Марија Јовановска (бр.15-16/2011), Добре Босилковски (бр.17-18/2014), м-р Марија Младеновска-Димитровска (бр.19-20/2024) и д-р Роберто Трајковски (бр.19-20/2024).

КОЛУМНА

м-р Марија Младеновска-Димитровска,
училишен психолог

АЛГОРИТМОТ НА НАШЕТО ВРЕМЕ

Веќе од поодамна го живееме новото дигитално (не)време, новата (не)нормалност, која ни се случува со метеорска брзина и експоненцијален раст. Нашите животи веќе длабоко се вкалапени во алгоритмот на нашето време, кој ни стана креатор и модератор на секојдневието. Станавме заробени во малите екрани осетливи на допир, а ние веќе неосетливи на ништо, екраните низ кои ја набљудуваме и живееме нашата искривена реалност. Сè повеќе сме робови на виртуелниот свет, далечни во блискоста, отсутни во присутноста, оттуѓени од сите и од себеси. Неповратно кодирани, во кодираниот систем на алгоритмите на безизлезот, останувајќи (не)здраво прилагодени на (не)нормалноста, каде целосно ги изгубивме аксиомите на нашето постоење.

Нашиот живот веќе е заробен и вткаен во матриксот на креираната виртуелна реалност и кодиран во бескрајниот бинарен систем на нули и единици, под будното око на креаторите на виртуелната реалност и на новата (не)нормална стварност, во орвеловскиот кафез во кој се набљудува сè, секоја наша постапка, клик, па дури и мисла. Нашиот живот, веќе не е наш, туку е туѓ, одземен, поробен во оковите на паралелниот свет, застаклен зад екраните, низ кој ни протекува дијалектиката на (не)постоењето. Сè повеќе сме заробени во виртуелниот затвор, а што е најстрашно од сè немаме ни волја ни желба да се ослободиме, да се избориме да си го (по)вратиме животот, туку летаргично се предаваме на индиферентноста, апатичноста и на новото модерно ропство на алгоритмите кое го прифаќаме беспоговорно. Се предаваме на егзистирањето во логираната паралелна реалност на алгоритмот, изгубени во илјадниците пиксели на екраните од течни кристали низ кои ни протекува реката на животот, каде ја проектираме искривената растерска слика на стварноста, без грам (само)критичност или каков било обид да се одлогираме и да се вклучиме малку во реалниот живот кој ни стана само една обична симулација, изобличена имитација и 3Д проекција, една стварна нестварност или нестварна стварност, нова лажна вистина, или вистинска лага, една бескрајна симулација на пресликаните симулакруми или слики без оригинал, копии на копии на имитација на животот, кој го живееме или можеби не го живееме воопшто, туку само го набљудуваме неговиот истек, или уште повеќе можеби ниту тоа не го правиме, зашто сме заглавени во виртуелната стварност, во кодот и матрицата на бинарниот систем на нула (0) и еден (1). Ние создаваме сосема нова концептуална уметност на живеењето, еден своевиден виртуелен кубизам или дигитален уметнички „пачворк“ од расфрланите парчиња на нашиот живот, кои се обидуваме да ги подзакрпиме на дигиталниот екран.

И сега кога ќе си ја вратам избледената слика на времето на екранот на моето сеќавање на дигитално потрошеното време, сфаќам дека ние сме целосно „одјавени“ од нашиот живот и неповратно сме логирани во кодираниот систем од бројки, виртуелни шеми, матрикси, врамени во рамките на инстаграмираните слики, во фотошопираната реалност, изгубени во софтверските апликации и визуелизации, во виртуелноста и вештачката интелигенција, кои мултисензорно ни ги заробиле сите сетила и безмилосно ни го цицаат животот од нас. И што сме ние сега? – само ред нули и единици испреплетени во совршената бескрајна низа на алгоритмот кој нè заробил и кој од нас прави хуманоиди и аватари, со лажно, виртуелно, алтер его кое талка во сопствените онлајн проекции и его-трипови.

Изземени од сè свое, немо си ја набљудуваме нашата животна приказна (лајф-стори) која ни ја раскажува Фејсбук, Инстаграм, Тик-ток, воајерски уживајќи во сопствениот (не)реален „адвертајзинг“ и овој нов вид на „сторителинг – storytelling“. Вкалапени во малите екрани и дисплеи, раководени од „големиот брат“, кои ни го маќепсале умот и ни прават интерференција на мозочните бранови и електричните импулси на невроните, ја прескокнуваме синапсата на (не)постоењето, (не)свесноста, (не)бидувањето овде и сега, вибрирајќи во

паралелна (не)реалност. Мозочните бранови ни се сè поспори, со намалена моќ на процесирање. Сè повеќе оглупени и отапени, полека стануваме жртви и на т.н. дигитална дементност, дигитална емотивна тапост, дигитална (а)социјалност, превдо аутизам и глупизам, Чет-Џи-Пи-Ти–рани (Chat GPT), чипирани, изгубени во бескрајниот свет на информации, дезинформации, малформации, фотографии, линкови, лајкови, емотикони, воајерски насладувајќи се на егзибиционизмот во туѓите животи, во новата фотошопирана (не)реалност на паралелниот универзум. Ние сме отсутни од нашите животи, но затоа максимално присутни во паралелниот свет и максимално синхронизирани во виртуелноста, талкаме низ метафизичките координати на изгубеноста во дигиталната безличност.

Неминовно ми се наметнува прашањето: Станавме ли само електронски приказ или привид на плазмениот екран на расфрланите пиксели во ефемерната бесконечност и дигитален код во дигиталниот свет на (без)умности? И што ни останува нам во вакво (не)време? Веројатно ни останува само уште надежта дека ние ќе го декодираме кодот на нашето (не)време, дека нема да се предадеме и да се откажеме од нашата диогеновска потрага по Човекот во нас и во другите и од борбата за Него и дека Ние сме алгоритмот на нашиот живот, ние сме алгоритмот на нашето време и дека душата на човекот не е алгоритам. Можеби вештачката интелигенција ќе креира совршени паметни роботи, но никогаш нема да успее да ја креира и програмира душата на човекот и да ја вдахне во вештачката интелигенција, зашто душата е вдахната од Бога и дека нашата најважна борба е да не ја изгубиме сопствената душа и дека вреди да се (из)бориме за човековата душа.

БЕЛЕЖИМЕ – Јубилеј

Јубилеј 40 години СОУ „Таки Даскало“ – Битола

СОУ „Таки Даскало“ – Битола е училиште за средно образование формирано со одлука на Собранието на Општина Битола од 27.01.1984 година со трансформација, односно здружување на гимназијата „Браќа Миладиновци“ – Битола и Училиштето за занимања на ученици во стопанството „Кочо Рацин“ – Битола.

Здружувањето на двата субјекти беше резултат на тогашните определби за средно насочено образование, односно за едукација на кадри потребни за пазарот на трудот.

И денес СОУ „Таки Даскало“ има гимназиско и стручно образование и тоа:

- **гимназиско образование** (природно-математичко подрачје, општествено-хуманистичко подрачје, јазично-уметничко подрачје и билингвална паралелка: англиско-македонска) и
- **стручно образование** (геолошко-рударска и металуршка струка, градежно-геодетска струка, графичка струка, струка лични услуги, сообраќајна струка, текстилно-кожарска струка, угостителско-туристичка струка).

Средното општинско училиште „Таки Даскало“ – Битола годинава одбележува значаен **ЈУБИЛЕЈ – 40 ГОДИНИ ПОСТОЕЊЕ** кој на пригоден начин ќе биде одбележан со свечена академија во месец мај, како и со низа придружни активности кои ќе се реализираат во подолг временски период (нови училишни изданија, изложби, работилници, предавања, проекти, модни ревии, мултиетничка кујна итн.).

Воспитно-образовната традиција и досегашните успеси на генерации ученици и вработени обврзуваат и мотивираат во иднина да го задржиме континуитетот на квалитетно образование во тек со модерните трендови, како и да бидеме училиште кое на учениците им овозможува проширени знаења применливи во практиката, на пазарот на трудот кај нас и во светот, преку осовременување на условите за учење и личен развој и подобрување на квалитетот на животот на учениците како идни граѓани.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Марија Јовановска,
училишен педагог

КОМУНИКАЦИЈА ВО НАСТАВАТА

Апстракт

Односот на наставникот кон ученикот во сите општествени системи помалку или повеќе бил негативен. Скоро подеднаков е уделот на успешниот наставник, како таков и ученикот како субјект во наставата со сите свои доблести и мани. Успешен однос е само оној кој е добар „танц" помеѓу двата фактори иако, најверојатно наставникот ја има поголемата одговорност во тоа колку тој „танц" ќе биде успешно одигран. Наставникот ја има главната улога во комуникцијата со учениците, демократското водење е посебно важно и неопходно во работата со постарите ученици кои можат самостојно да мислат и работат, а со најмладите е потребна цврста контрола.

Комуникацијата е далеку побогата ако во класот е создадена демократска атмосфера, ако обострано се разменуваат пораки наставник–ученик и обратно, но исто така и ученик–ученик. Значи треба да се охрабруваат учениците меѓусебно да комуницираат.

Затоа, ***целта на секое училиште треба да биде јакнење на меѓусебните односи и соработка со наставниците и учениците во функција на поефикасна и поефективна настава, затоа што со вакви односи во наставниот процес, помеѓу наставникот и ученикот се придонесува за осамостојување на ученикот, поуспешна социјализација и нивен когнитивен развој.***

ШТО Е БИТНО ЗА ОДНОСОТ НАСТАВНИК-УЧЕНИК?

Раководната улога на наставникот започнува од моментот кога тој се запознава со своите ученици. Тој уште тогаш настојува да воспостави правилен однос со учениците, тежнее да создаде другарска атмосфера во класот во кој секој има свое право, но истовремено и одговорност во поглед на однесувањето, извршување на задачите и обврските. Таквата атмосфера го тера наставникот на соработка со своите ученици и со заеднички напори класот станува колектив со единствена цел за која напредува под раководство на наставникот. Раководството на наставникот ќе биде неспоредливо успешно ако располага со добро познавање на својата работа, ако се темели на објективни законитости за структурирање на наставниот процес, ако му се јасни целите и задачите на училиштето во кое работи и наставата во него, и се разбира ако добро ги познава психофизичките особености, способности на учениците за кои го организира дидактичкиот процес.

За овие процеси да бидат успешни мора да постои посебна врста на однос помеѓу овие два одвоени организма – некоја врска или мост помеѓу предавачот – наставникот и примачот – ученикот. Една од тие вештини е и вештата комуникација која наставникот треба да ја поседува за да постигне ефикасност во таа врска и во градењето на таквите мостови. Вештината во прв ред подразбира разговор – дијалог, но сепак разговорот може да влијае на меѓучовечките односи деструктивно или стимулативно, а во наставата наставникот може да го оддалечи од учениците или да го приближи. Каков ефект ќе произведе разговорот зависи од неговиот квалитет, како и од изборот на наставникот на соодветниот вид на разговор кој ќе го води во различни ситуации. Без дијалог нема успешна воспитно-образовна комуникација, наместо растење и усовршување на личностите на наставникот и ученикот, ќе имаме нивно стагнирање. При разговорот или дијалогот наизменично доаѓа до заземање на позиција на објект и субјект на ученикот и наставникот, при што ученикот се чувствува сигурен да го изрази сопственото мислење, свесен дека наставникот ќе го почитува неговото мислење и ќе го користи во наставната работа.

Историја, англиски, физика или хемија, секој предмет може да им биде интересен на учениците доколку наставникот создаде таков однос во кој ќе се почитуваат потребите на учениците и учениците ќе ги почитуваат потребите на наставникот.

Треба да постои и соработнички однос помеѓу наставникот и ученикот. Во тој соработнички однос тој ќе може да ја набљудува активноста на класот од ученичка перспектива, така што на лице место добива повратна информација за својата работа и работата на ученикот.

За да биде наставникот сојузник со ученикот треба добро да го познава. Ако во наставата владее ведар и емоционално топол тон, учениците ќе се „отворат“ и се добива шанса и атмосфера наставникот подобро да ги запознае, а ако знае да пофали и награди педагошки правилно, тактично и одмерено, ќе ги врзе за себе. Ако наставникот така работи нема да ја полни личноста на ученикот со своите претстави за себе, нема да створи во него слика на сопствените идеи, туку ќе утврди кои се идеите на ученикот.

Успешен наставник поттикнува позитивна енергија, тој не изразува сомневање туку се обраќа кон учениците со верба во нивните сили и работа.

Што се однесува пак до организирање на наставниот процес и текот на часот наставникот да им дава информации главно преку куси презентации кои се проследени со предавања и практична примена, неговиот говор, главно подразбира поставување на прашања и давање на повратни информации и активирање на самите ученици, а не држење на долги предавања. Наставникот кој активно ги поучува и контролира учениците постигнува многу подобри резултати со нив од оној кој работата повеќе им ја препушта на самите ученици. Во услови на класична организација на наставата поуспешни се оние наставници кои наставните содржини сами им ги пренесуваат на своите ученици со активно поучување, додека пак индивидуализираната настава, учење (работа) без поголема помош од наставникот во еден подолг период, може да биде корисна но само под одредени услови. Тоа, пак, претпоставува солидна функционална писменост на учениците, оспособеност да работат според дадени упатства, способност за самостојно учење и трајна мотивираност за работа.

Значи, вештата интерперсонална комуникација, нејзината цел на некој начин може да влијае на другата личност, да ја „измени“ или да го промени нејзиното однесување. Во наставата, пораката (информацијата) наставникот ја испраќа со намера, плански и свесно, но и бара и прима повратна информација за нејзиниот прием и учинок. Комуникацијата меѓу наставникот и учениците и меѓу самите ученици е еден од основните фактори за нивниот ментален, социјален и афективен развој.

Затоа треба да се има предвид дека во поучувањето дури и во кошарката, гимнастиката и сл. може да биде досадно и непривлечно доколку наставникот развие односи во кои учениците ќе се чувствуваат занемарени, дека не им се верува, понижени или критички оценети.

Наставникот треба секојдневно да ги користи оние средства и методи со кои ќе им покаже на учениците дека ги почитува нивните потреби, а во исто време да не ги занемарува своите, да владее демократија во училницата, да се организираат состаноци на кои и наставникот и учениците ќе учествуваат во воспоставување на правила до кои сите ќе се придржуваат. Методите кои ги користат многу наставници прават сè друго освен тоа што од учениците би направиле независни и зрели личности. Наместо да го поттикнуваат развојот на одговорноста, наставниците и директорите на училиштата ги контролираат учениците на сите возрасти како да не може да им се верува и како никогаш да не можат да станат одговорни. Наместо да ја охрабруваат независноста, училиштата како да ја поттикнуваат зависноста на ученикот од наставникот одредувајќи им што, како и кога треба да учат и секако проценувајќи колку добро тоа го научиле. Работата е во тоа што наставниците не се научени на вештини со помош на кои една личност во однос со другите може да поттикнува самоодговорност, самоконтрола и самокритичност. Овие квалитетети не се создаваат сами од себе, тие мора да се негуваат и намерно да се форсираат од страна на наставниците и родителите.

Ако наставниот процес во основа значи процес на потребни посакувани промени до кои треба да се доведе ученикот со организирана работа и водење, тогаш тие промени можат да се анализираат од аспект на приближување на ученикот до објективната стварност, потоа од аспект на развој на способностите и склоностите на ученикот, и на крај, од аспект на промена во сферата на неговите уверувања, ставови и погледи кон светот. Со тие три основни аспекти треба да се разгледаат и тие посакувани промени до кои сакаме да го доведеме ученикот низ

наставниот процес. Што се однесува, пак, до еволуцијата на тие промени, може да се констатира дека е полесно да се утврдат промените во областа на знаењето, кое ученикот го стекна во текот на наставата отколку да се мерат промените во областа на неговите способности, склоности и интереси. Затоа е разбирливо тоа што мерењето на знаењето по пат на тестови во наставната пракса е повеќе застапено и присутно, отколку мерењето на промени во способностите и интересите. Оттаму и едностраноста во проценувањето на целокупниот ефект во наставната работа. Уште посложени се проценките на оние промени кои во наставниот процес настануваат на план на развој на личноста, а интерперсоналната комуникација меѓу наставникот и ученикот во наставата може многу да влијае на менување на ставовите и однесувањето т.е. со сознајна и мисловна активност да се придонесе за развој на личноста на ученикот.

Промените до кои сакаме да дојдеме кај учениците во текот на наставниот образовен процес се само едната страна од континуумот, на другиот крај од овој континуум се наоѓа и неминовната промена и кај самите наставници. Промените кај наставниците во смисла на нивно усовршување на личен и професионален план ќе доведат до целовитост во процесот на успешен и квалитетен однос наставник-ученик. Наставникот треба да биде отворен за нови сознанија и учења, нови вештини кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на односот наставник-ученик како и на воспитно-образовниот наставен процес воопшто.

МОДЕЛ НА ЕФИКАСЕН ОДНОС НАСТАВНИК-УЧЕНИК

За да можеме да почнеме да го сфаќаме проблемот на „добар наставник“ потребно е да ја погледнеме најпрво дефиницијата за идеален наставник, усвоена од страна на поголем број просветни работници. Според неа добрите наставници мораат да бидат подобри, посовршени, мораат да имаат повеќе разбирање и повеќе знаење од обичните луѓе. За оние кои ја прифаќаат ваквата дефинираност на наставникот тоа подразбира издигнување над човечките слабости и покажување на униформирани квалитети на праведност, организираност, доследност, грижа, емпатија, со еден збор тие мораат да бидат виртуозни. Во суштина станува збор за основна заблуда – ваквата дефинираност на наставникот бара од него да ја негира својата човечност, а тоа е нешто што тој не може да го стори, освен низ разработеното играње на улоги и низ самозалажување.

Учениците се отворени да учат само тогаш кога односот наставник-ученик е добар, тие тогаш и не мора да губат време обидувајќи се да се одбранат или да го надмудрат наставникот. Ако наставникот воспостави добар однос нема да има потреба да игра улоги и да глуми дека е виртуозен и нехуман. Односот помеѓу наставникот и ученикот е добар кога постои: 1.***Отвореност*** – така што е лесно да се биде директен и искрен еден кон друг; 2.***Грижливост*** – кога секој знае дека другиот го почитува; 3.***Меѓузависност*** (што е спротивно од зависноста); 4.***Самостојност*** – кога дозволува секој да ја развие својата единственост, креативност и индивидуалност; 5.***Взаемно задоволување на потребите*** – така што ниедна потреба не е задоволена на сметка на потребата на другиот.

Успешниот однос на наставник-ученик во голема мера е зависен од успешноста на наставникот. За успешен наставник се смета рефлексивниот поучувач. Процесот на поучување во наставата е еден вид на интерперсонална комуникација во која информациите се пренесуваат од некој извор, односно од оној кој поучува (наставникот), на оние на кои информации им се потребни – на оние кои учат (учениците). Во основа на секоја комуникација, па и на комуникацијата во наставата, секогаш се наоѓа некоја содржина (порака), која се посредува (испраќа, презентира), од една страна и се прима, преработува и користи од друга страна. Ако интерперсоналната комуникација воопшто може да се сфати и како умешност на разговарање, тогаш комуникацијата меѓу учесниците во наставниот процес е малку поинакава. Нејзина цел е на некој начин да се влијае на другата личност, да ја „измени“ или да го промени нејзиното однесување. Во наставата, наставникот пораката (информацијата) ја испраќа со намера, плански и свесно, но и бара и прима повратна информација за нејзиниот прием и учинок.

Во наставниот процес постои авторитарна и демократска комуникација. Авторитарната е општење од хиерархиска позиција. Оној кој што е на хиерархиската скала повисоко,

комуницира со потчинет наредбодавен тон, неговите упатства имаат карактер на наредби од кои не треба да се отстапува, однесувањето е потполно регуларно, се исклучуваат желбите и спонтаноста, а подразбира слепа послушност. Некои таквата комуникација ја нарекуваат војничка команда, затоа што е карактеристична за воената организација. За разлика од автократската комуникација која најчесто е едносмерна, демократската комуникација подразбира соработнички однос во кој учесниците во комуникацискиот процес се рамноправни. Така, во наставата ученикот има право на сопствен став кој може да биде поинаков од наставникот, може да предложи како да се реши некое прашање, како да се подготви програмот на класната заедница. Демократскиот стил во наставата не е заснован на репресии и казни. Наставникот, кој демократски комуницира гради свој авторитет на соработка, иницијатива и активизација на ученикот, а наставникот кој авторитарно општи – на наредби, строги упатства, казни и слаби оценки. Голема придобивка и доблест на наставникот во демократскиот начин на раководење претставува обидот за премостување на недоразбирањата и менување на ставот дека „наставникот секогаш е во право“ и тоа преку конфронтација на мислењта.

Комуникацијата меѓу наставникот и учениците и самите ученици е еден од основните фактори за нивниот ментален, социјален и афективен развој.

ЗАКЛУЧОК

Наставникот како предавач и организатор во наставата, како партнер во педагошката комуникација и стручњак за својата област, е поттикнувач на работата на учениците, проценувач и дијагностичар и има значајна улога во регулирањето на односите во паралелката во непосредна корелација со службата за следење и унапредување на воспитно-образовниот процес во училиштето. Фактички, тој претставува личност која со својата појава, начинот на вербално и невербално изразување, со својот темперамент и карактер, со изграден систем на вредности, идеи, цели и желби влијае врз целокупниот развој на личноста на ученикот на интелектуален, социјален и емоционален развој.

Наставникот мора постојано да се стреми, расте и усовршува, затоа што како што вели Дистерверг: „*Тој е извор на сила која во движење ја става целата машина. Таа (машина) за'рѓува во мртва вкочанетост доколку тој во неа не умее да внесе живот и движење.“*

Воспитно-образовниот систем мора да се движи затоа што времето во кое што живееме не трпи статичност. Затоа, наставникот со цела своја мудрост и знаење треба да ги вооружи своите ученици бидејќи иднината на целата земја најмногу зависи од изграденоста на личноста на ученикот.

СОВРЕМЕНА НАСТАВА

Весна Мундишевска-Велјановска,
наставник по графички стручни предмети

НАСТАВНИ СТРАТЕГИИ ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

Апстракт


Во современото општествено живеење образованието има клучна улога. Во нашите училишта неопходно е да се едуцираат индивидуи способни да се справат со предизвиците на времето во коешто ќе живеат и работат. Во таа насока, наставниците како носители на воспитно-образовниот процес и еден од клучните фактори за успешна и квалитетна настава, посебно внимание треба да посветат на тоа како нивните ученици учат и како ги применуваат стекнатите знаења, вештини и ставови во практиката. Во нашата воспитно-образовна практика неопходно е препознавање и идентификување на надарените и талентирани ученици, нивна поддршка, обука на наставниците и стручните соработници за работа со надарени и талентирани ученици, но и соработка, едукација и поддршка на родителите на надарените ученици. Во овој труд нагласок е ставен на изборот на наставни стратегии како начин за адаптирање на работата на наставникот кон потребите на овие ученици.

Клучни зборови: надареност, надарени и талентирани ученици, учење, наставни стратегии

НАДАРЕНОСТ И НАДАРЕНИ УЧЕНИЦИ

Надареноста е способност за неисцрпно креативно создавање во кое детето емоционално интелектуално се внесува себеси и својот талент. Најчесто е поврзана со креативното и логичкото мислење, како и со натпросечната интелигенција. Креативното мислење се состои од барање на најразновидни решенија на некој проблем. Логичкото мислење е насочено кон барање на едно правилно решение со помош на процес кој се состои од планирање, споредување, разликување и заклучување.[1]

Franz Mönks на надареноста гледа на следниот начин:



Сл. 1 Мултифакторен модел на надареноста (Mönks,1985)[2]

Бидејќи надарените ученици по многу нешта се разликуваат од просечните, јасно е дека тие имаат и свои специфични ***образовни потреби***. Според Vizek-Vidović тое се:[3]

- потреба за дружење со деца од иста хронолошка возраст,
- потреба за дружење со врсници со слични високоразвиени способности (меѓусебно поттикнување, намалување на чувството на изолираност),
- потреба за работа во збогатени и проширени воспитно-образовни програми,
- потреба за независност во учењето (самостојна работа и истражување),
- потреба за предизвици во кои може да се доживее и повремен неуспех,
- потреба за учество во широки програми во кои се поттикнува целокупниот развој.

[1] B. Vidaković, *Darovitost kao moj izazov*, 2007**,** http://www.portalalfa.com
[2] F. Mönks & R. Pflüger, *Gifted Education in 21 European Countries-Inventory and Perspective*, pg 6, www.mib.si/dokumenti/FranzMonks.pdf
[3] D. Rister, *E-učenje za darovite srednjoškolce - kako e-učenje u obliku online tečaja može zadovoljiti specifične obrazovne potrebe darovite djece*, 2008 g., http://edupoint.carnet.hr/casopis/62/clanci

За наставата да биде во согласност со потребите, интересите и создавањето на можности за надарените и талентираните ученици да напредуваат по свое сопствено темпо, во современите услови на образование и воспитание наставникот ќе треба посебно внимание да посвети на процесот на учење и поучување, односно на тоа КАКО УЧЕНИЦИТЕ УЧАТ, а не сето негово внимание да биде насочено кон наставната содржина. Исто така, наставникот ќе треба да ги следи и современите трендови во теоријата за работа со надарени и талентирани ученици и истите да ги имплементира во својата наставна практика.

НАСТАВНИ СТРАТЕГИИ ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ

За да им се овозможи на надарените ученици да ги зајакнуваат и развиваат своите способности и потенцијали, неопходна е адаптација на работата на наставникот кон нивните специфични потреби. Притоа, од особена важност е каков ќе биде пристапот на наставникот кон организацијата на наставниот час, односно колку умешно ќе ги избере и комбинира наставните форми и методи, како и видовите на настава, за да изгради успешна наставна стратегија која ќе одговара и на просечните и на надарените ученици. Наставната стратегија на надарените ученици треба да им овозможи примена на повисоки нивоа на мисловни процеси и употреба на материјалите (изворите на информации и наставните средства) на повисоко ниво. Како илустрација ќе наведам два вакви примери: тријаден модел на Joseph S. Renzulli и е-учење во форма на онлајн натпревари.

➘ Тријаден модел на Joseph S. Renzulli[4]

Овој модел поаѓа од премисата дека на надарените ученици им е потребно воспитно-образовно опкружување кое ќе им даде поголема слобода на избор и индивидуализирано поучување. Renzulli предлага учениците да минуваат низ три нивоа или типови на збогатени активности и тоа:

- **ПРВО НИВО** – општи истражувачки активности со цел развивање на когнитивните и афективните процеси за учениците да се оспособат за успешно совладување на курикулумот. На пример: тим од наставници, родители и ученици организира излагања со различни говорници, демонстрации, кратки натпревари, катчиња на интереси (училишни клубови) во кои учениците самостојно ќе користат материјали и сл.
- **ВТОРО НИВО** – работа во групни активности и остварување на цели како што се: развој на аналитичко, критичко и креативно мислење, како и поттикнување на позитивна слика за себе, вредностите, мотивацијата и вештините на истражувачка работа.
- **ТРЕТО НИВО** – истражување на реални проблеми кои ги интересираат надарените ученици низ организирање на мали истражувачки групи или спроведување на индивидуални истражувања. Овде до израз доаѓа самостојноста на ученикот во решавањето на проблеми од кое било подрачје, а истиот се поттикнува да развие одреден готов производ како резултат на своите активности.

Со овој модел учениците се поттикнуваат да станат активни „производители“ на новото знаење, а наставникот има задача да им помага во препознавањето на рамките на проблемот кој ќе биде набљудуван.

➘ Е-учење во форма на онлајн натпревари

Онлајн натпреварите можат да бидат наменети за надарените ученици од специфично подрачје кои меѓусебно се просторно оддалечени и кои во својата непосредна околина немаат одговарачка личност (наставник, психолог, педагог) која би имала доволно време, волја и знаење за квалитетна работа со нив. Пожелно е ваквите натпревари да се поврзани во рамки на пошироко виртуелно опкружување за учење (VLE – Virtual Learning Environment) со цел учесниците да имаат заеднички активности и да комуницираат меѓусебно и со менторите за

[4] Petra Pejić, Tanja Tuhtan-Maras, Jasna Arrigoni, *Suvremeni pristupi poticanju djecje darovitosti s kreativni radionicama*, Magistra Iadertina, 2(2) 2007, str. 139-141, www.hrcak.srce.hr/file/33346

прашања од предвидените содржини (но и од оние кои не се предвидени), како и за прашања кои се однесуваат на други нивни потреби.

За подготовката и спроведувањето на натпреварите треба да се одговорни тимови од стручњаци во кои би учествувале:

- психолози и педагози кои теориски и/или практично се занимаваат со работа со надарени ученици,
- стручњаци за онлајн учење (за педагошки, технолошки и други прашања),
- стручњаци за предметот или подрачјето (наставници, научници, универзитетски професори, асистенти, студенти и др.).[5]

Е-учењето како форма на учење овозможува индивидуализација на наставата. На ваков начин надарените ученици ќе можат да ги развиваат своите когнитивни псособности, како и емоционалниот и социјалниот развој. За е-учењето да функционира беспрекорно неопходен е соодветен персонал, информатичка опрема и технологија, квалитет на онлајн натпреварите, компетенции на надарените ученици за работа со компјутер, пристап до интернет, мотивираност, ангажман и посветеност на учесниците.

➘ Има уште многу модели и начини за градење на успешна наставна стратегија за работа со надарените и талентираните ученици. Индивидуализираната форма на работа со учениците и истражувачкиот пристап во наставата се едни од нив. Со надарените и талентираните ученици може да се работи и со примена на: проблемска настава, програмираната настава, примената на Центри за учење, Скала на учење, дебати, кооперативно учење, самостојни истражувачки проекти, практични активности и др. Освен во редовната настава, овие ученици пожелно е да бидат ангажирани и во воннаставни активности, натпревари, проекти, работилници, разни школи, менторства итн.

ЗАКЛУЧОК

Надарен ученик е оној кој покрај општите интелектуални способности, поседува и особено високи способности од едно специфично подрачје за чие совладување покажува извонредна мотивација, преданост и посветеност.

При работата со надарените ученици треба да се применуваат наставни стратегии кои ќе овозможат креативно и критичко учење и самоучење, користење на повеќе извори на информации, истражувачка работа, работење по сопствено темпо и задоволство од работата на надарените ученици, што ќе се огледа во постигнувањето на високи резултати.

Клучна улога во сè погоре наведено има наставникот зашто само наставникот кој и самиот е истражувач, кој е креативен и незапирливо инвентивен, може да биде достоен за работа со оваа посебна група на ученици, на задоволство на сите вклучени во наставниот процес.

Користена литература:

1. Кевереси, Љупчо и Николоска, Наташа, *Каков наставник им треба на надарените и талентираните деца*, Битола, 2007 г.
2. Mönks, Franz & Pflüger, Robin, *Gifted Education in 21 European Countries-Inventory and Perspective*, www.mib.si/dokumenti/FranzMonks.pdf
3. Мундишевска-Велјановска, Весна, Митревска, Цветанка, Трајковска, Вангелка, *Скала на учење*, „Воспитни крстопати“, бр. 131, Скопје, 2009 г.
4. Pejić, Petra, Tuhtan-Maras, Tanja, Arrigoni, Jasna, *Suvremeni pristupi poticanju djecje darovitosti s kreativni radionicama*, Magistra Iadertina, 2(2) 2007, www.hrcak.srce.hr/file/33346
5. Rister, Damir, *E-učenje za darovite srednjoškolce - kako e-učenje u obliku online tečaja može zadovoljiti specifične obrazovne potrebe darovite djece*, 2008, http://edupoint.carnet.hr/casopis/62/clanci
6. Vidaković, Branka, *Darovitost kao moj izazov*, 2007, http://www.portalalfa.com

[5] Damir Rister, *E-učenje za darovite srednjoškolce...*

СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ

Милица Д. Радевска,
наставник по македонски јазик и литература

ТАКСОНОМИЈАТА НА МАРЗАНО КАКО ПОХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ВО ОБРАЗОВАНИЕТО СО ФОКУС НА УЛОГАТА НА УЧЕНИКОТ

На 13. 12. 2024 година во хотел „Театар“ Битола се реализира: Обуката за педагошки пристапи одржана, во рамките на компонентата 1.5 од проектот: *ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА АТРАКТИВНОСТА, ИКЛУЗИВНОСТА И РЕЛЕВАНТНОСТА НА СРЕДНИТЕ СТРУЧНИ УЧИЛИШТА И ОБРАЗОВАНИЕТО НА ВОЗРАСНИ.* Реализатор на обуката беше д-р Деан Илиев, редовен професор, виш локален не-клучен експерт за градење капацитети во секторите за стручно образование и обука (СОО) и образование на возрасни (АЕ). Во рамките на оваа обука се реализираа 4 модули и тоа:

- Учење базирано на наставна програма наспроти учење насочено кон студентите,
- Современи педагошки пристапи,
- Аспекти на практикување на насоки за кариера на студентите,
- Карактеристики на учењето на возрасните.

Во рамките на вториот модул за современи педагошки пристапи главен акцент беше ставен на споредба на трите таксономии според кои се дефинираат целите на наставата и тоа:

- Проучување на Блумовата таксономија на цели,
- Проучување на ревидираните верзии на Блумовата таксономија на цели и
- Проучување на таксономијата на Марзано.

Во таа насока беше истакнато дека таксономијата според Марзано е фокусирана на исходите на наставниот час. Новата таксономија на Кендал и Марзано „...опишува не само како човечките суштества одлучуваат дали да се вклучат во нова задача во одреден временски период, туку објаснува и како се обработуваат информациите по донесувањето на одлуката за ангажирање. Таксономијата на Марзано е организирана во три различни домени, од кои секој се однесува на специфичните аспекти на процесот на учење. Овие домени се:

- Домен на самосистем (Self system) кој се фокусира на емоционалните и когнитивните процеси кои влијаат на мотивацијата, ангажираноста и саморегулацијата на ученикот. Ја признава важноста од решавање на афективните и метакогнитивните аспекти на учењето.
- Домен на метакогнитивни процеси кој вклучува размислување за мислењето и вклучува стратегии за планирање, следење и оценување на учењето. Ја нагласува самосвесноста и саморегулацијата како критични компоненти на ефективно учење.
- Домен на когнитивни процеси кој ги опфаќа когнитивните вештини и знаења неопходни за учење.

Оваа таксономија има похолистички пристап кон образованието, става силен акцент на улогата на ученикот. Има посеопфатен пристап кон оценувањето. Го зема во предвид не само она што се учи, туку и како се учи, ги ангажира учениците и когнитивно и афективно (емоционално). Овозможува флексибилност во решавањето на различните потреби и цели за учење. Истата е дизајнирана да обезбеди посеопфатен пристап кон образованието фокусирано на ученикот, земајќи ги во предвид не само когнитивните вештини, туку и неговата емоционална состојба. Наставникот може да ја прилагоди Таксономијата на Марзано на различни образовни контексти, нивоа на оценки и предметни области. Овозможува флексибилност во решавањето на различните потреби и цели за учење. Терминот *резултати од учење* е јасен опис на она што ученикот треба да го знае, разбере и да може да го прави како резултат на учењето.

Нивоата на оваа таксономија и менталните процеси кои се постигнуваат се следните:

Првото ниво - **преземање,** вклучува потсетување на информации од трајна меморија и ги опфаќа менталните процеси препознавање, потсетување, извршување.

Второто ниво - **разбирање,** бара идентификување на тоа што е важно и таа информација ја сместува во категории. Ментални процеси: интегрира, симболизира.

Третото ниво – **анализа,** вклучува образложени проширувања на знаењето и дава заклучоци кои не биле директно научени при предавањето. Ментални процеси: усогласеност, класифицирање, анализирање грешки, генерализирање, специфицирање.

Четвртото ниво - **знаење, користење** од учениците бара да го применат или користат знаењето во конкретни ситуации. Ментален процес: експериментирање, истражување, носење на одлуки, решавање на проблеми.

Пример за определување на целите според Таксономијата на Марзано во наставниот предмет: Македонски јазик и литература, за прва година стручно образование.

Според наставната програма за прва година реформирано стручно образование, во Модулот јазик, наставната тема: Наука за јазикот меѓу другото ја опфаќа наставната единица **Општење (комуникација). Видови комуникација.**

Резултати од учење од наставната единица:

Сите ученици ќе бидат способни да:

1. именуваат различни видови комуникација
2. посочуваат соодвети примери

Поголем дел од учениците ќе бидат способни да:

1. креираат конкретни примери со определени видови на комуникација
2. поттикнат, да започнат, да се вклучат во разговор

Критериуми за вреднување на постигањата:

Сите ученици можат да:

- го дефинираат поимот комуникација и
- ги препознаваат, споредуваат и толкуваат различните видови комуникација

Поголем дел од учениците можат да:

- го дефинираат поимот комуникација, да ги именуваат видовите комуникација
- споредуваат рални видови комуникација
- креираат конкретни примери со примена на различни видови комуникација.

СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ

Даниела Митревска,
заменик директор

ПРИМЕНАТА НА АКТИВНИ МЕТОДИ ВО НАСТАВАТА ВО СОУ„ТАКИ ДАСКАЛО“

Барањата и очекувањата на современото општество го стават наставникот пред огромна одговорност, а тоа значи дека учениците по завршување на средното образование треба да се оспособат за самостојно дејствување, функционирање и снаоѓање во тоа општество.

Едноставно, образовното поле е толку непредвидливо и се менува толку брзо што треба да останеме во чекор и да се прилагодиме на посовремените стратегии, каде наставникот е „сценарист“. И ние пред извесно време се соочивме со голема промена од светски размери – од видани училници со клупи, табли, преминавме на онлајн и хибридно учење.

Многу често во разговор со учениците слушаме за „здодевен час“ – кога го слушаат само гласот на наставникот кој одекнува во нивните уши, обидувајќи се учениците да обрнат внимание на она што го зборува наставникот. Но, тоа не е баш така пријатно да се слушне од кој било ученик, нели?

Иновативните (активни) методи на настава не се само користење на најсовремената технологија на часовите или постојано фаќање чекор со најновите образовни трендови, тоа се методи на **настава - учење**! Овие иновативни методи треба да ги поттикнат учениците да се приклучат проактивно и да комуницираат со своите соученици и со нас – наставниците за време на часовите. Учениците ќе мора да работат повеќе, но на начин кој подобро ќе ги задоволува нивните потреби и ќе им помогне да учат побрзо.

Во периодот од 2003-2007 година, СОУ „Таки Даскало“ – Битола беше дел од најголемиот проект во образованието во нашата држава: CEA-проект – „Активности во средното образование“ поддржан од Американската агенција за меѓународен развој, Американски институти за истражување и Меѓународна асоцијација за читање. Обуките беа проследени од страна на наставниците: Валентина Маневска, Анита Стефановска, Даниела Митревска, Јасмина Василевска, Тони Соклевски и Мирјана Гичевска кои извршија дисеминација на целиот наставен кадар во училиштето.

Целокупната обука опфати **4 Модули:**

1. **Учење во училница** – активни методи (Развивање критичко размислување со помош на мрежа на дискусија и дебата; УПФТ-Креирање на автентични пишани задачи со помош на Улога, Публика, Форма и Тема; развивање активно учење со помош на УПЦУ – Ученички прашања за целисходно учење)
2. **Учење преку проекти** – активни методи (Самопрашување; Дневник во две колони; Истражување и изработка на проекти, презентации)
3. **Учење преку заедница** – активни методи (Развивање на критичко мислење со помош на Водич за очекување/реакција; Техники за интервју; Водење, анализирање и толкување на истражување со помош на усна историја; Градење партнерства меѓу училиштето и заедницата)
4. **Учење преку работа** – активни методи (Самооценување; Водење ученички дневник; Користење визуелни помагала за извршување на задачите и за разбирање на текстовите; Играње улоги).

Сите наставни техники и методи на работа кои беа спроведени со овој проект, скоро две децении сè до денес се присутни во најголем број на наставните часови кај сите наставници во и надвор од училиштето без разлика дали се работи за теоретски часови, вежби или практична настава.

Прифатеноста, применливоста и одржливоста на активните методи на наставните часови се докажа сите овие години. Детализиот план на организираност на самиот проект кој беше набљудуван од професори од САД, примената на техниките и методите на часовите и

понатамошно споделување на искуствата со целиот наставен кадар покажа успешност на реализација на наставните содржини и квалитет во знаењата, развој на критичкото мислење, соработка, пракса и развој на вештини кај учениците. За време на наставниот процес, доколку успешно сме ја избрале наставната форма на работа и активностите кои ќе се применат (наставните техники), многу лесно може да знаеме кој наставен метод на работа е најсоодветен за да го примениме на часот.

Нашето училиште се гордее што беше меѓу првите училишта во Републиката успешно вклучено уште од самиот почеток на проектот и остави силен печат на генерации кои беа и сеуште се дел од ваквата настава.

Продолжувањето со обуки од областа на активната настава дава можност за проширување со нови искуства и надополнување на позитивните практики од претходно стекнатите искуства.

БЕЛЕЖИМЕ

Вредни донации на книги за СОУ „Таки Даскало“ – Битола

СОУ „Таки Даскало“ – Битола доби вредни донација на книги со што значително се зголеми библиотечниот фонд на училиштето.

- Ротари клубот „Битола Широк Сокак“, дониираше книги на англиски јазик, што ќе им овозможи на учениците да стекнуваат и да ги продлабочуваат своите знаења на различни теми, како и да ги усовршат своите јазични вештини.
- Здружението за македонско-германско пријателство и соработка дониираше книги на германски јазик и македонска литература поврзана со Германија, а
- Издавачката куќа „Матица македонска“ дониираше свои изданија како награда за најдобрите средношколци од нашето училиште за учебната 2022/2023 година.

Соработка со „Американско катче“ – Битола

СОУ „Таки Даскало“ – Битола одржува и негува долгогодишна и успешна соработка со „Американското катче“ – Битола која вклучува широка лепеза на воннаставни активности организирани за потребите на учениците од СОУ „Таки Даскало“. Плодната соработка се остварува во форма на посета и учество на голем број работилници и презентации на најразлични теми, проекции на документарни и долгометражни филмови, семинари, вебсеминари и саеми, како и посета на предавачи и лектори од англиско говорно порачје. Ваквата вклученост и ангажираност на учениците нуди можност за подобрување и зајакнување не само на јазичните вештини кај учениците при изучување на англискиот јазик како прв стански јазик, туку и на развојот на нивните когнитивни и мисловни процеси.

Исто така, континуираната соработка со „Американското катче“ – Битола им дава можност на учениците да разменуваат и споделуваат идеи и мислења, а воедно и да ја подобруваат и развиваат самосвеста, социјализацијата и разбирањето на американската култура.

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Валентина Богојовска,
наставник по англиски јазик и книжевност

„ШТО“ ИЛИ „КАКО“, ПРАШАЊЕ Е СЕГА...

Вештината пишување е клучен дел од средношколскиот курикулум, особено во наставата по македонски јазик и литература и англиски јазик. Пристапот каде фокусот е на производот на пишувањето (традиционален, доминантен е во наставата) и пристапот каде фокусот е на процесот на пишувањето нудат различни методологии за постигнување ефективна писмена комуникација. Кај двата пристапи акцентот е ставен на различни аспекти на пишувањето – кај првиот акцентот е конечниот исход, а кај вториот акцентот се става на самиот процес на пишување. Целта на овој текст е да ги означи разликите помеѓу овие два пристапи и да ги покаже предностите на процесното пишување како поприфатливо за образовна средина во која се стремиме да го примениме пристапот насочен кон потребите на учениците и развојот на критичкото мислење.

Пристапот каде фокусот е на производот на пишувањето првенствено се фокусира на крајниот резултат, нагласувајќи го конечниот квалитет и кохерентноста на напишаниот текст, давајќи приоритет на исправноста пред процесот на изготвување, ревидирање и уредување. Учениците пишуваат **имитирајќи модел на текст** (стандардизираните формати се клучни) каде се нагласени важните карактеристики што ученикот треба да ги преслика во својот текст. Целосно индивидуализирано се пишува една, конечна верзија (со корекции пред сè во јазичната механика-граматика, структура на реченицата – што претставуваат мисловни вештини од понизок ранг). Наставникот е единствената „публика“ на ваквиот текст и учениците ретко се свесни дека публиката е реално многу поширока и има многу поголем диверзитет. Тука е битно **што се пишува** и пишувањето се сфаќа како сет од вештини.

Спротивно на ова, процесното пишување го промовира пишувањето како патување, означувајќи итеративни фази на **подготовка** (истражување, бура на идеи, размислување и планирање – мисловни вештини од повисок ранг), **изготвување на првична верзија** (развивање на идеите, детали), **ревидирање** (проверка, давање повратна информација од соученик и/или наставник и подобрување на првичната верзија врз база на повратната информација) и **уредување на текстот** (јазичната механика и форматирањето се разгледуваат дури во последниот чекор од процесот). Клучно во процесното пишување е **како се пишува** и пишувањето претставува сет од чекори или фази што може да се повторуваат сè додека не се дојде до конечната верзија на текстот. Ова значи дека процесното пишување не е линеарен процес, туку циркуларен. Особено важно е што „сите чекори се вклучени во задачата“ (Murray, 1972) и се евалуираат засебно, покрај конечната верзија на текстот. За таа цел наставникот однапред изготвува критериуми, најчесто во форма на рубрика. На пример, првичната верзија се оценува во поглед на формулираната теза и понудените идеи со кои се поткрепува таа теза бидејќи „процесот на креирање нов материјал, е процес на откривање; писателот обично не знае што ќе каже додека не го каже тоа“ (Elbow, P., Writing without Teachers, Oxford University Press, 1998). Низ сите фази се негува подлабоко разбирање, креативност и тек на идеите. Се поттикнува критичко размислување, соработка, се прифаќа различна публика, контекст и цел на пишувањето, што доведува до поавтентичен и персонализиран израз.

Од погореизнесеното можеме да сумираме дека разликата помеѓу пристапот каде фокусот е на производот на пишувањето и пристапот каде фокусот е на процесот на пишувањето е значајна во образовниот процес. Процесното пишување ја нагласува вештината пишување како непрекинат процес на откривање и усовршување, што во крајна линија води кон поголема писмена компетентност и развој на критичкото мислење кај учениците. Спротивно на ова, пристапот каде фокусот е на производот на пишувањето може да ја ограничи креативноста, иновативноста и способноста за критичко мислење. Токму затоа, интеграцијата на процесното пишување во образовниот курикулум е од клучно значење.

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

м-р Весна Јовановска,
наставник по македонски јазик и литература

ВНАТРЕШНИТЕ МОНОЛОЗИ НА ГЛАВНИОТ ЈУНАК, ИВАН ИЛИЧ, ВО ДЕЛОТО „СМРТТА НА ИВАН ИЛИЧ“ ОД Л. Н. ТОЛСТОЈ

Л. Н. Толстој е мајстор за пишување безвременски дела кои опстануваат и кои се читани од голем број генерации, генерации кои ја осознаваат тајната на уживањето, читајќи ја руската класика од времето на реализмот. Тој е експерт за асоцијација, дисоцијација и повторно спојување (градење на нови целини од доживеани елементи). Негово средство се зборовите. За него зборот не е првенствено знак, туку симбол.

Неговите уметнички вештини ја „редуцираат фабулата подредувајќи ја на темелната постапка на реализмот – разоткривање на карактерот и функционализирање според неговото обликување.“ Неговиот реализам во прикажувањето на животот како да се рефлектира во ставот на А. Флакер, според кого: „Фабулата, во делата од реализмот, е така поставена да го разоткрива карактерот во единство на неговото психолошко, интелектуално и општествено битие, градена е врз основа на причинско-последични врски и својствени ѝ се разгранети социјално-психолошки мотивации.“

Во кратката новела (понекогаш детерминирана како расказ), „Смртта на Иван Илич“, Толстој раскажува приказна за буржоаскиот сензибилитет претставен преку Иван, лик на аристократски тип полн со глупав материјализам и само-интерес. Иван е крајно неисполнет и неостварен лик. Падот (несреќен случај) го прави свесен за грешките во неговиот живот и ја пренесува пораката до читателот дека живот лишен од сочувство, исполнет со вообразени човечки конекции доведува до разочарувачки крај. Толстој се конфронтира со овој начин на живот и однесување и мисли дека оние кои го прифатиле биле неспособни да се соочат со смртта, бидејќи не го разбираат животот.

Според Александар Флакер со внатрешниот монолог се служат: „писателите на новелите и романите кога наместо да известуваат за случувањата во психата на некој карактер, настојуваат да ги пратат: текот на неговата свест, неговите асоцијации, импресии од надворешниот свет, спомени, онака како тие би се ределе во човекот.“[1]

Необичниот психолошки реализам на Толстој овозможува психоанализа на ликовите преку нивните внатрешни монолози и дијалози кои ни ги откриваат тајните мисли и расположенија на ликот. Монологот кој преминува во дијалог со самиот себе, со сите елементи на директен говор претставува една метафоричка карактеризација во која се сублимирани етичката, социолошката и психолошката карактеризација.

„– Што сакаш? – беше првиот јасен поим што го чу и што можеше да биде изразен со зборови и кој го слушна.

– Што би сакал? Што сакаш? – си повтори во себе. – Што?...Да не се мачам. Да живеам – одговори тој.

И пак целиот му се предаде на вниманието, толку напрегнато што дури ни болката не можеше да го прекине.

– Да, живееш? Како да живееш? – прашуваше гласот на душата.

– Да, да живеам како што живеев порано: убаво, пријатно.

– Како живееше порано, убаво и пријатно? – праша гласот.“[2]

Судирот на ликот со болката претставен преку внатрешен монолог му овозможува на читателот директен пристап до свеста на Иван Илич, при што се губи моќната функција на нараторот. Во дијалогот преку персонификација болката добива лице во гласот на душата:

---

[1] Александар Флакер, 1961 г., *Увод у књижевност*, Знање Загреб, стр. 435
[2] Л. Н. Толстој,2003 г., *Смртта на Иван Илич,* Матица македонска, Скопје, стр. 75

„Зошто ми го стори ова? Зошто ме доведе до овде? Зошто, зошто ме мачиш толку грозно?

Тој и не чекаше одговор, туку продолжи да плаче затоа што немаше, а ниту можеше да има одговор. Болката пак се јави, но тој не се помрдна, не викаше, само си велеше:

Па удри, уште удри! Но зошто? Што сум ти сторил? Зошто? – Потоа се смири. Престана не само да плаче, туку и да дише, и целиот стана замислен: како да се слушаше, не кон гласот што зборува со звуци, туку кон гласот на душата, и кон текот на мислите што се раѓаа во неа.“[3]

Тука конвенционалната техника на сезнаечкиот наратор е адаптирана да може преку монологот на главниот јунак да ги прикаже психичките процеси на личноста. Зборовите се двогласни, но едносмерни. Авторовата концепција е дискретна, нараторот е само конектор на дијалогот. Во центарот на интерес е човекот, со неговата душевна состојба и промените во неа. Иако во делото е употребена објективна нарација (во трето лице), преку внатрешниот монолог на главниот лик имаме увид во внатрешната, хаотична состојба на Иван.

„Женичката... толку ненадејно, и разочарување, и лошата миризба од нејзината уста, и чувствителноста и преправање! И таа убиствена служба, и онаа грижа за пари, и така година, две, десет, и дваесет и – сè едно исто. И, колку понатаму, сè поубиствено. Како еднакво да сум слегувал од планина, замислувајќи дека се качувам на неа. Така беше тоа! И колку, според јавното мислење, одев нагоре, толку под мене се губеше животот... и сега е готово, умри!

А што е тоа? Зошто? Не може да биде! Не може да биде да е животот толку бесмислен и толку гаден? А, ако навистина е толку гаден и бесмислен, тогаш зошто да се умира, и тоа да се умира во маки? Нешто не е како што треба.

– „Можеби не сум живеел како што треба? Можеби не сум живеел како што требало да живеам? – му светна во главата. „Како, кога сум правел сè како што требало?“ – си велеше и веднаш го отфрлаше од себе тоа единствено разрешување на сета загатка на животот и на смртта, како нешто што е сосема невозможно.[4]

Динамичната напрегнатост предизвикана со мешањето на внатрешниот монолог и надворешниот дијалог предизвикува напнатост што за Толстој создава слика на одличен психолог кој создава прекрасно нијансирани психолошки профили на главните личности во своите дела.

Нема сомнение дека определена морална агенда ја движи нарацијата на Толстој. „Смртта на Иван Илич“ е дизајнирана да го доведе во прашање начинот на кој живееме, и во крајна линија, да го спореди моделот на нашето однесување со моделот на правото живеење презентиран во новелата.

Говорот во ова дело е креативна способност да се покажат повеќе монолози кои се движат на различни паралелни колосеци, никаде не се вкрстуваат и не интерферираат, што завршува со недоразбирање, конфликт и несакани последици. Со тоа само се потврдува фактот дека разговорот во форма на монолог, наместо вистински дијалог, претставува најчест облик на меѓусебно комуницирање на луѓето кои еден со друг не се почитуваат, што троши многу драгоцено време и ја заробува позитивната психичка енергија.

Новелата тоа го презентира и преку ликовите кои одразуваат толку ситни и лажни личности што на моменти тоа е хумористично до точка да биде неверојатно. Со опишувањето на мислите, желбите и целите на просечниот човек со модерни ставови, Толстој создава сложена скица на сите нас. Со тоа ни овозможува да се идентификуваме со животот на главниот лик, како и емоционално да се поврземе со неговите страдања и мачна смрт. Нè исправа пред прашањето: – Ако вредностите и целите на Иван, не толку различни од нашите сопствени, го довеле до горчлива егзистенцијална криза во моментот на смртта, што ќе ни направат нам нашите верувања?

Почнуваме да се прашуваме дали безобзирниот материјализам и лицемерните односи на општеството, безмилосно сатиризирани во делото, се проширени и на нашите сопствени животи. Ивановата беда и несреќа одеднаш ни стануваат блиски.

---

[3] Л. Н. Толстој,2003 г., *Смртта на Иван Илич,* Матица македонска, Скопје, стр. 75

[4] Ibid, стр. 76

ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА

Кики Младенова,
наставник по англиски јазик и книжевност

THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones)
Краткорочно планирање
Оперативен план за час: 37

Наставен предмет: **Англиски јазик (III година средно образование)**
Наставник: Кики Младенова
Училиште (место): СОУ „Таки Даскало“- Битола
Клас: III-11

НАСТАВНА ЦЕЛИНА 3 (Unit 5): WHAT A STORY!
Страници од учебникот: 48 – 49

Тип на час:
1. Час за усвојување на нови знаења
2. Час за утврдување на знаења
3. Час за повторување и систематизирање на знаењата
4. Час за проверување и оценување на знаењата
5. Комбиниран час

Наставни техники/активности: Бура на идеи, грозд-техника, дискусија, елицитација.

Вештини: Читање, говорење, слушање.

Цели на часот: Обработка и лингвистичка анализа на подолг текст. Фокусот е на флуентноста на јазичниот израз.
А) Јазични: Да можат учениците да го разберат значењето и да ги дефинираат лексичките единици поврзани со раскажување на приказни *(storytelling)* и жанрови – зборови, изрази, колокации – како и да препознаат реторички прашања.
Б) Комуникативни: Говорна интеракција: Да можат учениците да дискутираат за својот омилен филм/книга (и да дадат причини), да ја раскажат приказната зад некој филм/книга, да кажат виц, да искажат согласување/несогласување, и преку тоа да ги развијат своите вештини на критичко размислување.
В) Културолошки: Да развијат учениците свест за значењето на приказните во денешниот социокултурен контекст и приспособливоста на јазикот за постигнување одредени цели во литературата и филмската уметност.

Очекувани исходи: Да можат учениците да ја следат, препознаат и разберат главната мисла, но и да идентификуваат конкретни информации во подолг текст.

Методи:

1. Демонстративен
2. Комуникативен
3. Метод на игра
4. Кооперативен
5. Текстуален
6. Метод на практична работа
7. Повторување
8. Монолошки (усно излагање)
9. Аудио-визуелен
10. Аудио-лингвален
11. Истражувачки-откривачки
12. Метод на набљудување
13. Метод на решавање на проблеми (проблем-ситуации)
14. Интерактивен

Форми:

1. Фронтална
2. Индивидуална
3. Групна
4. Работа во парови

Средства и помагала:

1. Учебник
2. Списанија/весници (автентични материјали)
3. Флеш карти
4. ДВД
5. ЦД
6. Компјутер
7. Креда/маркер
8. Интерактивна табла

ЗАБЕЛЕШКИ:

ТЕК НА ЧАСОТ: 37*

1. Евокација (Воведни активности)
2. Усвојување на знаењето
3. Рефлексија

	НАСТАВНИК	УЧЕНИЦИ
ВОВЕДЕН ДЕЛ 10 МИН.	• Им ги враќа на учениците прегледани писмените задачи од претходниот час. • Ги поттикнува да го објаснат/дискутираат насловот на новата тематска единица преку бура на идеи (колокации/ грозд-техника за зборот *story*). • Ги поттикнува да ги опишат сликите на стр. 48 и да кажат што ги поврзува сите – водејќи ја дискусијата кон веж. 1, 2 и 3 (групна дискусија). • Ги објаснува зборовите: *thriller, grabbed, anecdote*. • Ги прашува за како би ги споиле четирите слики со потточките во веж. 1 (може и со интерактивна табла).	• Ги разгледуваат своите писмени задачи. • Ги следат упатствата и даваат колокациии и свои објаснувања за насловот, како и опис на четирите слики.
ГЛАВЕН ДЕЛ 25-30 МИН.	• Насочување на работата кон текстот на стр. 49 – им дава упатства да ја следат статијата во учебникот додека ја слушаат (да не се фокусираат на непознатите лексички единици, само да ја разберат главната мисла или суштината), па следи групна дискусија (веж. 4, стр. 48). • Им дава упатства да ги разгледаат прашањата во веж. 5 (стр. 48), па да ја прочитаат статијата со цел пребарување на конкретни информации, и потоа следи групна дискусија/проверка со посочување на одговорите во статијата. Време: 7-8 мин. • Ги објаснува непознатите зборови/изрази и потпрашува за одредени други од текстот (*sabre-toothed, engage*). • Им дава упатства: работа во групи со по 3-4, некои групи да скратат 10-15 збора од статијата, кои тие мислат дека не се потребни, а некои групи да додадат 10-15 збора. Време: 3-5 мин. • Ги набљудува и ја проверува нивната работа. • Ги поттикнува на дискусија за различни техники кои се употребуваат во пишување, и ги води кон концептот на реторички прашања** – веж. 6, 7 и 8 (стр. 48).	• Го читаат текстот (не на глас) без да застанат и да прашаат за непознати зборови, трудејќи се да ја разберат суштината. • Работат во групи со по 3-4 во вежбата за кратење или продолжување на статијата.
ЗАВРШЕН ДЕЛ 5 МИН.	• Го завршува часот со дискусија – веж. говорење (стр. 49). • Не ги поправа граматичките грешки на учениците освен ако го попречуваат текот на говорната продукција. • Ги поттикнува другите ученици да искажат согласување или несогласување.	• Дискутираат за прашањата во оваа вежба.

*** Предлог вежби за часот (со претходна подготовка од страна на наставникот):**
https://busyteacher.org/2748-what-to-do-with-reading-texts-10-creative-ways.html

**** Предлог интернет страница (со повеќе примери):**
https://www.englishgrammar.org/rhetorical-questions/

ИСТРАЖУВАЊЕ

Мирјана Гичевска,
училишен психолог

ВРЕДНОСТИ И ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ПРИ СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА

Образование претставува организиран процес на учење насочен кон промена на личноста во посакуваната насока со усвојување на различни содржини во зависност од возраста и потребите на поединци. Образованието претставува долгорочен процес во кој покрај образовните содржини се застапени воспитни и функционални содржини. Најзначајна образовна институција од образовно-воспитен карактер е училиштето каде е тешко да се насочат активностите во саканиот правец на одредена социјална заедница. Образованието е процес со кој општеството ги пренесува акумулираните знаења, вештини и вредности од генерација на генерација. Носители на активностите во училиштата се наставници кои своите активности ги насочуваат кон реализација на наставните планови и програми за стекнување знаења и вештини потребни за да се стане подобра личност и да се создаде подобро општество за живеење со градење на квалитетен систем на вредности .

Вредностите се верувања, неразделно врзани со емоциите на личноста и се однесуваат на посакуваните цели што луѓето се трудат да ги постигнат. Од индивидуалните потреби на поединецот произлегуваат работните вредности кои нè водат кон избор или проценка на активности, политики, луѓе и настани во кои се вклучуваме.

Вредностите и вредносните ориентации, најчесто се сфаќаат како способности кои се стекнуваат по пат на социјално учење, способности за постапките и односите да се проценат како добри или лоши, а со тоа е поврзано чувството за одбивност кон лошото и наклонетост кон доброто, како и стремежот она што е сознаено како добро да се оствари со сопствено дејствување.

Според теоријата на Дејвис и Лофквист задоволувањето на потребите е најефикасно тогаш кога постои совпаѓање помеѓу работните вредности на индивидуата и она што го нуди работната средина, значи индивидуата ќе биде задоволна на своето работно место доколку тоа е во согалсност со нејзините работни вредности. Ова е важно бидејќи кога индивидуата е позадоволна ќе биде и поуспешна во работата и подолго ќе се задржи на работното место во организацијата во која припаѓа. Според оваа теорија на потребите се гледа како на одделни карактеристики на работата што и се важни на индивидуата, додека пак на работните вредности како на поопшти стандарди кои обединуваат повеќе потреби.

Тргнувајќи од хуманата димензија на образованието, и фактот дека хуманите вредности се градат почнувајќи во семејното опкружување и низ процесот на систематско, континуирано и организирано подучување, во училиштето си поставивме за **цел да ги утврдиме кои се основните работни вредности на наставниот кадар во СОУ „Таки Даскало“ во Битола.**

За утврдување на работните вредности на наставниците користен е **прашалникот на работни вредности, кој произлегува од теоријата на прилагодување кон работата на Дејвис и Ловквист (1984),** според која работните вредности произлегуваат од индивидуалните потреби. Според оваа теорија задоволувањето на потребите е најефикасно кога постои совпаѓање помеѓу работните вредности на индивидуата и она што и го нуди работната средина. Индивидуата ќе биде задоволна од своето работно место, ќе постигнува високи ефекти во работата, ќе се чувствува безбедно, исполнето и среќно доколу тоа е во согласност со нејзините работни вредности. Индивидуата која е позадоволна од своето работно место има можност да биде поуспешна и подолго време да се задржи на таа работа.

Во рамките на оваа теорија, на потребите се гледа како на одделни карактеристики на работата што и се важни на индивидуата, додека на работните вредности како на поопшти стандарди кои обединуваат повеќе потреби.

Користејќи факторска анализа, Дејвис и Ловквист издвоиле 6 работни вредности и тоа: постигање, автономија, статус, помагање, сигурност и рабоотни услови кои произлегуваат од 20 различни потреби.

Работна вредност	Индивидуална потреба за:	
ПОСТИГАЊА	- искористување на сопствени способности	- постигнување успех
АВТОНОМИЈА	- креативнпо изразување - преземање одговорност	- автономија во работата
СТАТУС	- напредување во работата - препознатливост	- авторитет
ПОМАГАЊЕ	- позитивен однос кон соработниците - давање на услуги на други	- почитување на морални вредности
СИГУРНОСТ	- политики и практики на организацијата ориентирани кон вработените	- позитивен однос на раководниот тим и супервизорите
РАБОТНИ УСЛОВИ	- активност при работата - соодветна надокнада	- сигурност во работата - соодветни физички услови

Испитувањето е спроведено врз примерок од 40 наставници во периодот од првата седмица на февруари 2024 год. Од добиените резултати констатирано е дека највисока вредност кај испитаните наставници има вредноста постигнувањесо M=11.27.

Работната вредност **постигнување** произлегува од индивидуалната потреба за искористување на сопствените способности и покажување на истите пред поширокиот аудиториум. Личноста чија вредност е постигнување, сака да му се восхитуваат на она што тој го прави важно им е постигнување на успех и многу значајно им е да ги покажат своите способности пред луѓето и да ги препознаат нивните достигнувања. Наставникот својот личен успех го манифестира преку демонстрација на сопствената компетентност, која е определена според социјалните стандарди на воспитно образовниот систем.

На второ место кај испитаните наставници е вредноста **помагање** со M=9.05. Вредноста помагање уште еднаш го докажува алтруистичкиот несебичен дух кај просветниот работник. Наставникот е човек кој покажува еден позитивен однос кон соработниците, учениците и родителите и тој вложува енергија и има желба да ги решава проблемите и да им помага на учениците и по цена на жртвување на сопственото време и енергија.

На најниско скалило од шесте вредности кај наставниците се наоѓа **статусот** или положбата која ја зазема во институцијата и општеството со M=5.75. Долго најавуваното напредување на наставникот во работата не се реализира и вработените како да покажуваа индиферентност кон можноста да бидат препознаени во средината и не покажуваа интерес да го потенцираат сопствениот авторитет надвор од училницата.

Автономијата, сигурноста и работните услови се движат во границите 6.35-6.52 што ни укажува дека за наставниот кадар не е доминантно да превзема ризици за манифестирање на сопствените креативни потенцијали од образовната дејност надвор од училницата, задоволен е од сопствената автономија во училница и од одговорностите на наставниот час за кој е компетентен. И покрај честите негодувања од надокнадата за трудот, условите за работа и односот на раководниот тим или инспекторатот од добиените резултати, можеме да констатираме дека и не му се на наставниците доминантни.

Можеме да заклучиме дека за најголем број од наставниците битно им е да им го дадат на учениците максимумот од своето знаење и искуство, да постигнат добри резултати со учениците и да им помогнат во стекнување на знаењата и да постигнат успех по сопствениот наставен предмет. За добриот наставник не се на прво место парите, ни условите за работа, ни политиките и практиките на раководниот тим.

Користена литература:

1. Бешка Петровка В., Кениг Н., Стоилковска Блажевска Б.(2015) Батерија на инструменти за професионална ориентација - Прирачник, Скопје, ЕДЦ
2. Фрицханд, А. (2007). Вредности, вредносни ориентации, морални ставови и модели за идентификација во различни возрасни периоди. Скопје: Филозофски факултет.
3. Rot N. (1975): Osnovi socijalne psihologije, Beograd, Zavod za udžbenike i nastavna sredstva
4. Rejk B. & Edkok K. (1978): Vrednosti, stavovi i promena ponašanja, Beograd, Nolit

ИСТРАЖУВАЊЕ

м-р Гордана Кожуваровска,
наставник по сообраќајни стручни предмети

СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД МЛАДИ ВОЗАЧИ

Вовед

Безбедноста во сообраќајот е императив на сите субјекти од областа на сообраќајот, но е значајна и за секој човек бидејќи секој на свој начин е учесник во сообраќајот. Секојдневно сме сведоци на голем број сообраќајни незгоди кои често имаат и несакани последици. За жал сè уште не можеме да речеме дека сообраќајната култура и етиката во сообраќајот се на задоволително ниво. Во делот на превенцијата клучно е да се работи на подигање на свеста на сите учесници во сообраќајот, како и на изградување на систем на општествени вредности во кој безбедноста и етиката во сообраќајот ќе заземат соодветно место.

Според статистиката и искуствата, возачите почетници спаѓаат во групата на ризични учесници во сообраќајот и неопходно е нивно постепено и безбедно интегрирање во сложениот и динамичен сообраќаен систем.

Токму затоа, особено значајна е едукацијата на младите возачи и возачите почетници за сообраќајните правила и прописи, но и едукацијата за почитување на моралните и етичките норми во сообраќајот на патиштата.

Најчести причини за сообраќајни незгоди во кои страдаат младите возачи, односно возачите почетници

Според податоците на СЗО годишно во светот околу 400.000 млади лица го губат животот во сообраќајни незгоди. Тоа значи дека 1.100 млади лица на возраст до 25 години секој ден го губат животот во сообраќајни незгоди ширум светот. Сообраќајните незгоди се прва причина за смртност на лицата на возраст од 15 до 19 години, а втора причина за смртност за лицата на возраст од 10 до 25 години. Имајќи ги предвид наведените факти со право може да се каже дека сообраќајните незгоди се црната чума на 21 век.


Според светските искуства и резултатите од истражувањата на релевантни меѓународни организации, најчести причини за сообраќајни незгоди во кои страдаат возачите почетници се: возачко неискуство, недоволна созреаност и слаб карактер, неискуство во ноќно возење, некористење сигурносен појас, брзо возење и алкохол, рассеано возење и нефокусираност, несовесно возење, замор.

Во овој труд ќе презентирам податоци во врска со сообраќајните незгоди во РСМ во кои имало загинати или повредени лица во последните 5 години, односно од 2019 до 2023 година. Посебен акцент ќе биде ставен на податоците во врска со сообраќајните незгоди во кои учествувале малолетници во периодот 2019 до 2021 година. Ќе бидат разгледани различни причини за предизвикување на сообраќајни незгоди од малолетници, според податоците добиени од СВР Битола, а кои се однесуваат на сообраќајни незгоди на подрачјата на секторот Битола т.е. за Битола, Прилеп, Ресен, Демир Хисар, Крушево и Македонски Брод.

	2019	2020	2021	2022	Јануари-август 2023
Сообраќајни незгоди со загинати лица	109	115	106	117	75
Сообраќајни незгоди со повредени лица	3.124	3.581	3.963	3.834	2.805
Загинати лица	132	125	116	124	85

Сл.1: Во периодот 2019-2023 година, **бројот на загинати и повредени лица во сообраќајни незгоди** во РСМ е со приближни вредности, но впечатливо е дека во последната 2023 година бројките се во опаѓање.

	БРОЈ НА МАЛОЛЕТНИЦИ КОИ ПРЕДИЗВИКАЛЕ С/Н		
	2019	2020	2021
ПС за БПС Битола	4	16	15
ПО за БПС Прилеп	0	2	2
ПО за БПС Ресен	2	2	3
По за БПС Демир Хисар	0	0	0
ПО за БПС Крушево	0	0	0
ПО за БПС Мак. Брод	0	0	0
В К У П Н О	6	20	20



Сл.2: Бројот на малолетници кои **предизвикале сообраќајни незгоди** во СВР Битола не е многу висок, но впечатливо е дека во последните 2 години овој број е во значителен пораст.

	МАЛОЛЕТНИЦИ КОИ УПРАВУВАЛЕ МВ ИЛИ МОТОРЦИКЛ БЕЗ ВОЗАЧКА ДОЗВОЛА		
	2019	2020	2021
ПС за БПС Битола	37	53	68
ПО за БПС Прилеп	19	15	26
ПО за БПС Ресен	6	2	7
По за БПС Демир Хисар	0	3	10
ПО за БПС Крушево	0	2	0
ПО за БПС Мак. Брод	2	2	4
В К У П Н О	64	77	115



Сл.3: Бројот на малолетници кои **управувале моторно возило и мотоцикли без возачка дозвола** е прилично висок, а во 2021 е скоро двојно зголемен во однос на 2019 година.

	МАЛОЛЕТНИЦИ КОИ УПРАВУВАЛЕ МОТОРЦИКЛИ БЕЗ СООДВЕТНА ЗАШТИТНА ОПРЕМА		
	2019	2020	2021
ПС за БПС Битола	3	9	8
ПО за БПС Прилеп	1	1	5
ПО за БПС Ресен	1	1	4
По за БПС Демир Хисар	0	0	0
ПО за БПС Крушево	0	0	0
ПО за БПС Мак. Брод	0	0	2
В К У П Н О	5	11	19



Сл.4: Бројот на малолетници кои **управувале мотоцикли без соодветна заштитна опрема (кацига)** секоја година двојно се зголемува во однос на претходната.

	МАЛОЛЕТНИЦИ КОИ НЕ ГИ ПОЧИТУВАЛЕ ОСТАНАТИТЕ ПРАВИЛА И ПРОПИСИ ВО СООБРАЌАЈОТ (БРЗО ВОЗЕЊЕ И ДР.)		
	2019	2020	2021
ПС за БПС Битола	22	15	23
ПО за БПС Прилеп	9	5	10
ПО за БПС Ресен	5	3	4
По за БПС Демир Хисар	0	0	0
ПО за БПС Крушево	0	0	0
ПО за БПС Мак. Брод	2	2	5
В К У П Н О	38	25	42



Сл.5: Бројот на малолетници кои **не ги почитувале останатите сообраќајни правила и прописи**, меѓу кои најбитно е брзото возење, воглавно се зголемува, иако имало мал пад во 2020 година.

ИСТРАЖУВАЊЕ

Славица Наумовска,
училишен психолог

АРТ ТЕРАПИЈА КАКО ПСИХОЕДУКАТИВЕН СТИМУЛАТОР ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПСИХО-НЕВРОТСКИТЕ КАРДИОВАСКУЛАРНИ РЕАКЦИИ И ЈАКНЕЊЕ НА АДОЛЕСЦЕНТНА ЛИЧНОСТ

Апстракт

Проблем: Целта на ова истражување е да докаже дека примената на арт терапија на цртање и сликање ќе ги намали кардиоваскуларните реакции и ќе ја зголеми самоконтролата, ќе ја подобри толеранцијата во конфликти и стресни ситуации, ќе го предизвика чувството на задоволство и ќе иницира промени во личноста на адолесценти.

Истражувачка хипотеза: Техниката на арт терапија како психолошка поддршка ќе иницира намалување на кардиоваскуларните реакции. Арт терапија на цртање и сликање како метод е активен, директен и психоедукативен пристап со подолготрајни ефекти со цел да се подобри самодовербата и да се поттикне чувството на самоефикасност во решавањето на психолошките проблеми. Арт терапија преку цртање и сликање иницира позитивни промени на личноста на адолесцентите за подобро разбирање на себеси, за изразување на она што е внатре во личноста, сопствените чувства, мислите и внатрешните конфликти.

Метод: 1**. Примерокот** го сочинуваат 40 субјекти (20 машки и 20 женски) средношколци од Битола, Р. Македонија, кои се разликуваат по возраст од 17 и 18 години и вид на образование: гимназиско и стручно. Во примерокот, кардиоваскуларните реакции се релативно често поврзани со одредени физички симптоми на кардиоваскуларни промени**:** срцева аритмија, хипертензија, мигренска болка, вртоглавица, како последица на стрес, гладување од неуспех, неизвесност.

2. **Инструменти**:

а) **1. Cornell Index-CI** (Weider, A. Wolff, H.G. Bradman, K. Mittelmann, B. Wechsler, D.) мерен инструмент - алатка наменета за брза проценка на невротични потешкотии за откривање на тедненции/ склоност кон анксиозност, хипохондрија, фобија, хиперсензитивност, депресија, кардиоваскуларни слабости/конверзии, гастроинтестинални, инхибиторни конверзии, импулсивност, агресија и параноја.

б) **Прашалник за самооценување за адолесценти,** кој ги мери ставовите кон промените и ефектите од техниката на Арт терапијата. Во прашалникот изјавите се дадени во две потскали.

А) Однос со самите себе (самоконтрола, толеранција и чувство на задоволство;

Б) Ефекти од самоизразувањето преку арт-техниките, (намалување на напнатоста, зголемена приспособливост и самодоверба

3. **Резултати**: Резултатите од Корнеловиот индекс (скалата на кардиоваскуларна слабост) групата се тестира двапати пред и по примената на арт техника. Се користи метод на повторени мерења во еден примерок и проценка на значајноста на разликите помеѓу корелираните аритметички средини. Разликата е статистички значајна Z (1, 96) =2,31.

А) При оценувањето на промените направени на себе, повеќето од учесниците покажуваат дека најголем процент на промени се присутни во следните елементи: зголемена самоконтрола, подобрена толеранција и чувство на задоволство.

Б) При оценувањето на ефектите од самоизразувањето на применетата уметност, најчест е ефектот во смисла на намалување на напнатоста, покажуваат зголемена приспособливост и самодоверба.

4. Заклучок: Истражувачката хипотеза е прифатена како афирмативна потврдена дека ефектите од Арт терапија како таква се многу често присутни и подеднакво застапени кај машките и женските ученици во двата видови на образование. Арт терапија како психо-едукативен пристап и стимулатор води до намалување на кардиоваскуларните реакции и до

зголемување на односот кон самите себе (самоконтрола, толеранција и чувство на задоволство, приспособливост, доверба) и предонесува на личниот развој кај адолесцентите.

Вовед

Адолесценцијата дефинирана како преоден премин помеѓу детството и зрелоста се карактеризира со динамичен и физички развој со промени во когнитивниот, емоционалниот и социјалниот развој. Карактеристики на развојот на адолесцентите се: личен развој, културен развој, градење сопствен идентитет и автономија, морално созревање, справување со проблеми како што се: врсниците и нивното влијание, конфликти со родителите, училишен успех, слика за себе, грижа за иднината. Вообичаени психолошки нарушувања кај адолесцентите се: анксиозност, немир, напнатост, тага, апатија, депресија, лутина, раздразливост, хиперсензитивност, чувство на безнадежност, ниска самомотивација, несоница, губење на апетит, чувство на вина, интровертност, губење на интерес кон активности од минатото, намалување на училишната/работната успешност, промени во меморијата и концентрацијата, двосмисленост и конфузија во процесот на размислување, варијабилност во расположението. Многу видови на нарушувања може да се појават во психичкиот живот на една личност. Според нивните основни карактеристики, тие се групирани во следните категории: психоневрози, психопатии и психози**.** Психоневрозите се релативно благи нарушувања на менталното здравје. Неможноста да реши некои од сопствените проблеми, лицето чувствува непријатна емоционална напнатост и почнува да користи одбранбени механизми. Психоневрозите може да се манифестираат во различни реакции: анксиозни, хистерични, депресивни, фобични, опсесивно-компулсивни, хипохондрични и психосоматски. Во денешниот свет со брзо темпо, психоневрозите се доста чести. Психоневрозите се помалку сериозни нарушувања на менталното здравје. Иако има потешкотии во функционирањето на личноста, тоа не делува изолирано. Односот кон реалноста е целосно зачуван. Постојат поблаги и потешки форми на психоневроза кои треба да се разликуваат, иако всушност потешките форми се доста ретки. Не се препорачува болничка нега за психоневротичниот, бидејќи тоа дополнително ќе ги влоши неговите симптоми. Напротив, тој треба да остане во својата околина и таму да наиде на соодветен третман и разбирање. Кардиоваскуларниот систем е целосно затворен органски систем изграден од срцето и крвните садови. Во него крвта постојано тече, транспортирајќи ги хранливите материи и нивните отпадни производи. Овој органски систем е од витално значење за животот на секоја личност.

Кардиоваскуларните заболувања се актуелен проблем, како кај нас, така и во светот, бидејќи во последните децении добиваат епидемиски размери со карактер на најинтензивна космополитска агресија која не штеди раса, нација, возрасна група, пол и професија. Се карактеризира со значително висок морбидитет, инвалидност, морталитет и изразена преваленца и инциденца во развиените, средно развиените земји и земјите во транзиција. Фактори на ризик за кардиоваскуларни нарушувања се:

1. Модифицирани фактори на ризик - начин на живот, пушење, хиперлипидемија, дијабетес, дебелина, физички навики.
2. Немодифицирачки фактори на ризик - возраст, пол и семејна историја на (кардиоваскуларни болести) или други атеросклеротични васкуларни заболувања на рана возраст.
3. Психо-социјални фактори - состојба на стрес како фактор на ризик за атеросклероза и кардиоваскуларни болести , психолошка напнатост, страв и прекумерна возбуда ги воведуваат поединците во различни индивидуални емоционални реакции. Навременото откривање на симптомите на психолошки нарушувања и навремената превенција имаат неколку цели: намалување на ризиците од надворешното опкружување и зголемување на шансите за закрепнување, зајакнување на толеранцијата и прилагодување на индивидуалните негативни настани во околината, одржување позитивна слика за себе, емоционална стабилност и адекватни односи со другите, подобра независност и негување чувство на самоефикасност во решавањето на психолошките проблеми.

Психолошка поддршка со помош на техники развиени од КБТ (Когнитивна бихејвиорална терапија), клиентот има целосен увид во настаните во кои учествувал во текот на целиот третман. Потпирајќи се на сопственото силно размислување (когниција) тој/таа создава и усвојува нови емоционални искуства и однесувања во своето соочување со психолошки проблеми**. Арт терапија (ликовно самоизразување**) како метод за олеснување кај адолесцентите, е активен, директен и психо-едукативен пристап со долгорочни ефекти (клиентот учи сам да биде свој терапевт по завршувањето на формалниот третман) со цел подобро независност и негување на чувството за самоефикасност во решавањето на психолошките проблеми. Генериран производ на Арт терапијата – сликање слики (без разлика на неговата уметничка вредност) продира во внатрешниот свет и е важен креатор на здравјето, во кој ја рефлектира сопствената внатрешна содржина: перцепции, мисли, емоции, фантазии. Уметноста како креативен процес е длабок психолошки процес кој го интегрира самоизразувањето и е константен со визуелната перцепција, свеста, умот, естетиката и околината. важен креатор на здравје, во кој ја рефлектира сопствената внатрешна содржина: перцепции, мисли, емоции, фантазии, естетика. Адолесцентите кои се стимулираат на подлабоко размислување и се самооткриваат на креативен начин покажувајќи повисок степен на развој и создавање се позитивен поттик за промена во личноста на адолесцентите.

Проблем: Целта на ова истражување е да докаже дека примената на Арт терапија на цртање и сликање ќе ги намали кардиоваскуларните реакции и ќе ја зголеми самоконтролата, ќе ја подобри толеранцијата во конфликти и стресни ситуации, ќе го предизвика чувството на задоволство и ќе иницира промени во личноста на адолесценти.

Истражувачка хипотеза: Техниката на применета Арт терапија како психолошка поддршка ќе иницира намалување на кардиоваскуларните реакции.

Методи: 1. Примерокот го сочинуваат 40 субјекти (20 машки и 20 женски) средношколци од Битола, Р. Македонија, кои се разликуваат по возраст од 17 и 18 години и вид на образование: гимназиско и стручно. Во примерокот, кардиоваскуларните реакции се релативно често поврзани со одредени физички симптоми на кардиоваскуларни промени: срцева аритмија, хипертензија, мигренска болка, вртоглавица, како последица на стрес, страв од неуспех, неизвесност.

2. Инструменти:

а) 1. Cornell Index-CI (Wider, A. Wolff, H.G. Bradman, K. Mittelmann, B. Wechsler, D.), мерен инструмент од повеќе супскали наменети за брза проценка на невротични потешкотии за откривање тенденции/склоности кон: анксиозност, хипохондрија, фобија, хиперсензитивност, депресија, кардиоваскуларни и гастроинтестинални конверзии, склоности кон инхибиторни конверзии, импулсивност, агресија и параноја

б) Прашалник за самооценување за адолесценти, кој ги мери ставовите кон промените и ефектите од техниката на Арт-терапијата. Во прашалникот изјавите се дадени во две потскали.

А) Однос со самите себе (самоконтрола, толеранција и чувство на задоволство;

Б) Ефекти од самоизразувањето преку арт терапијата, (намалување на напнатоста, зголемена приспособливост и самодоверба).

Елементите на изјавите на двете потскали, имаат степени на изразување или понудени варијанти: никогаш, понекогаш, често и секогаш. Изборот на одговорот зависи од мотивацијата на испитаникот и неговата способност за лична проценка (самооценување). Прашалникот е дизајниран како алатка за оценување на менталните процеси (когнитивни, мотивациски и емоционални) и особини на личноста (интереси, ставови). Во прашалникот на испитаниците им се поставуваат прашања со алтернативни одговори со кои се согласуваат.

3. Резултати. Резултатите од Прашалникот за самооценување за адолесценти, кој ги мери ставовите кон промените и ефектите од применетата Арт техника се прикажани табеларно. Резултатите се прикажани во фреквенции (f) и проценти (%).

А. Промена во односот кон себе по реализацијата на Арт терапија како метод за растеретување и релаксација.

Елементи	Никогаш	Понекогаш	Често	Секогаш
амоконтрола	5	**:,5**	)	)
олеранција	;	;	;	;
увство на доволство	;	)	;	)

Табела бр.1 Однос со самите себе (самоконтрола, толеранција и чувство на задоволство)

Б. Ефектите од примената на Арт терапија како метод за олеснување и релаксација

Елементи	Никогаш	Понекогаш	Често	Секогаш
амалување на пнатост/тензија		**:,5**	)	',5
олемена даптибилност	5	**',5**	)	)
амодоверба	5	**;,5**	)	!

Табела бр.2 Ефектите од Арт самоизразувањето
(намалување на напнатоста, зголемена адаптибилност и самодоверба)

Наодите од статистиката на заклучување и резултатите од Корнеловиот индекс (CI),на скала за кардиоваскуларна слабост добиени пред и по примената на арт-техника на испитаниците (примерокот се тестира двапати) со примена на метод на една група, извршена е проценка на значајноста на разликите помеѓу корелирани аритметички (метод на повторни мерења со еден примерок).

Cornell index (CI)
Скала на кардиоваскуларни конврзии

	N	M	SD	DM	r 12	SDM	Z
Прв тест	40	50.9	18.53				
				8.63	.72	3.68	2.31
Втор тест	40	42.27	14.09				

Z =2.3 1 > 1, 96, ниво на значајност p > .05

Табела бр.3 Значајност на разлики помеѓу корелирани аритметички средини

4. Дискусија: При оценката за А) категоријата – „Промени кои се случуваат кај себе“, 52,5% ја зголемиле самоконтролата, 45% ја подобриле толеранцијата и 40% чувството на задоволство (Табела бр.1). Во оценката на Б) категоријата -„Ефектите од применетата техника“, 52, 5% имаат промени во однос на намалување на напнатоста, 47, 5%, покажале зголемена приспособливост, 45% стимулација на доверба (Табела бр.2). Наодите од статистичкото заклучување и резултатите од психолошкиот мерен инструмент Корнел индекс (CI) скалата за кардиоваскуларна слабост и примена на арт-терапија кај испитаниците (примерокот се тестира двапати) се изведени со користење на метода на една група. .Овој метод го одредува значењето на разликите помеѓу аритметичките средини кога тест се применува на иста група двапати, во различни временски интервали (два-три месеци) за да се согледаат ефектите од Арт терапијата. Разликата е статистички значајна на 0, 05 (ниво на значајност со константна големина од 1, 96) добиениот Z-скор има вредност од Z = 2, 31> **1, 96,** p >.05 (Табела бр.3). Истражувачката хипотеза е прифатена како афирмативно потврдена, покажувајќи дека применетата ликовна техника – Арт

терапија како психолошка поддршка ќе иницира намалување на кардиоваскуларните реакции. Арт терапија на цртање и сликање ќе ги намали кардиоваскуларните реакции и ќе ја зголеми самоконтролата, ќе ја подобри толеранцијата во конфликти и стресни ситуации, ќе го предизвика чувството на задоволство и ќе иницира промени во личноста на адолесцентите.

5. Заклучок: Истражувачката хипотеза дека техниката на Арт терапија како психолошка поддршка ќе иницира намалување на кардиоваскуларните реакции е прифатена како афирмативна потврдена, дека ефектите од Арт терапијата како таква се многу често присутни и подеднакво застапени кај машките и женските ученици во двата типа на образование. Арт терапијата како психоедукативен пристап и стимулатор води до намалување на кардиоваскуларните реакции и до зголемување на односот кон себе (самоконтрола, толеранција и чувство на задоволство, приспособливост, доверба) и придонесува во личниот развој кај адолесцентите,.односно придонесува во зајакнување на фрустрациона толеранцијата и прилагодување на стресни ситуации, одржување позитивна слика за себе, емоционална стабилност и адекватни односи со другите, подобра независност и негување на чувство на самоефикасност во решавањето на психолошките проблеми.

Користена литература

1. Арнаудова, В. (1999) Естетското доживување на уметноста – стимулатор за промени во личноста, Скопје, Зборник 25 години Институт за психологија, Филозофски факултет
2. Berger.J, (1980) Psihodijagnostika, Beograd: Nolit.
3. Dryden.W.Elis.(2002) REBT-Racionalno emocionaln bihejvioralna terapija, Zagreb, Nolit
4. Јанаков,Б. (2003). Современа психологија на личноста, Скопје: ЦРСП
5. Јанаков, Б.(1999) Психолошки теории- психотерапија и советување, Зборник 25 години Институт за психологија, Филозофски факултет
6. Керамитчиева, Р.(2002). Психологија во образованието и воспитанието, Скопје Просветно дело
7. Stoilkovic. S,(1981). Psihijatrtija sa medicinskom psihologijom, Beograd: Medicinska knjiga
8. Чадловски, Г., Филиповска А., Белевска, Д, (2004). Медицинска психологија, Скопје, Просветно дело.

Научно-истражувачкиот стручен труд од областа на Психологијата и Психотерапијата **“Светски Конгрес за Когнитивна психотерапија”,** што се одржа во градот Рим во Р. Италија од 13-15.05 2021 год. организиран од Светската Асоцијација за Когнитивна психотерапија од САД

ИСТРАЖУВАЊЕ

д-р Роберто Трајковски,
наставник по историја

ГЕРМАНСКИТЕ ВОЕНИ ВЕСНИЦИ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА КАКО ИЗВОР ЗА АКТУЕЛИЗИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ПРЕД ГЕРМАНСКАТА ЈАВНОСТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ

Апстракт

Во пресрет на 110 години од започнувањето на Првата светска војна, треба да се истакне, дека за актуелизација на „македонското прашање“ пред германската јавност по крајот на истата, не помалку значајни биле и германските воени весници, од кои, околу 30.000 припадници на германската војска, колку што во временскиот период помеѓу 1916 и 1918 година биле концентрирани во Македонија, како и нивните роднини и пријатели црпеле вредни информации и факти, за воено-политичките, социо-културните, етничките, религиозните и економските прилики во Македонија. Благодарение на нивната дигитализација, добар дел од нив ни се и лесно достапни и претставуваат значајни извори за проучување на македонската историја.

Клучни зборови: Прва светска војна, Македонија, германска војска, германски војнички весници.

Во крајот на XIX и почетокот на XX век, за поширокатa германска општественост, Македонија била уште само една егзотична земја на Балканскиот Полуостров.[1] Таа јавна, а со тоа и политичка перцепција радикално се сменила по германската воената интервенција на Балканот, во крајот на 1915 година и концентрацијата на делови на 11. Германска армија во Македонија, т.е. воспоставувањето на Македонскиот-Солунски фронт во почетокот на 1916 година, заедно со сојузничките Австро-Унгарија, Бугарија и Османлиската Империја.[2]

Во исто време, германскиот император Вилхелм II Хохенцолерн и Министерството за култура на владата на Прусија, спонзорирале голема теренска експедиција, именувана „Македонска земска комисија“ (*„Mazedonische Landeskommission“-„Malako“*), под раководство на уште тогаш прочуениот балканолог Густав Вајганд, низ чии редови во текот на војната поминале 100-тина германски и бугарски научници од природните и хуманистичките науки.[3] Истите, посебно по војната, го актуализирале „македонското прашање“ преку издавање на голем број на публикации, кои потоа, во голема мера ги детерминирале дипломатските активности на Вајмарската Република, потоа и Третиот Рајх во однос на Македонија до крајот на Втората светска војна.[4] Од споменатите публикации, тука посебно би ја истакнале монографијата на Густав Вајганд „Етнографија на Македонија“, издадена од универзитетот во Лајпциг во 1924 година.

За актуелизирање на „македонското прашање“ не помалку значајни биле и германските воени весници, од кои околу 30.000 припадници на германската војска, нивнте роднини и пријатели црпеле вредни информации и факти, за воено-политичките, социо-културните, етничките, религиозните и економските прилики во Македонија во текот и после Првата светска војна. Се работело за стотици дневници и дводневници, од кои дел, благодарејќи на техничко-технолошкиот развиток, ни се и секојдневно достапни преку светските електронски

[1] Проф. д-р Волф Ошлис, Германската македонистика, пред, во и по Првата светска војна, *Македонија живот и предели*. Македоника, Скопје, 2016, 10-11.
[2] Nigel Thomas, Dušan Babac, Darko Pavlović, Armies in the Balkans 1914-18. Men-at-Arms 356. Osprey Publishing, Oxford, 2001, 6.
[3] https://research.uni-leipzig.de/~sfb1199/2018/from-karl-may-to-heinz-erhardt/.
[4] Види повеќе: *Stefan Troebst, „Macedonia heroica”. Zum Makedonier-Bild* der *Weimarer Republik. Südost-Forschungen. Band XLIX/1990, R. Oldenbourg/München,* 111-173;

библиотеки, при што посебно би ги истакнале електронската библиотека на градската библиотека на Берлин и електронската библиотека „Галика“.[5]

Што се однесува до издавањето на војнички весници во текот на Првата светска војна, тоа било вообичаена практика од најниско, па сè до армиско во спротивставените војски. Нивниот карактер во суштина бил воено-пропаганден и со нив се афирмирала каузата на војната и заедништвото по рововите. Во Македонија, во различни фази од војната, како што германската војска се преструктуирала и реорганизирала, или едноставно кажано, биле назначувани нови врховни команданти, војнички весници издавале 11. Германска армија, Група армии Фон Белов и Група армии Фон Шулц.

Војничкиот весник на 11. Германска армија, т.е. „Kriegszeitung der Elften Armee“ започнал да се печати уште пред почетокот на „Српската кампања“, кога единиците од нејзиниот состав биле концентрирани северно од реките Сава и Дунав, во денешна Р. Србија. Истиот излегувал како дневник, во обем од неколку страници, а го дистрибуирала 22. Поштенска станица на спомнатата армијата.

При анализа на гореспомнатиот весник, може да се заклучи, дека во него преовладуваат апстрактни новинарски статии во врска со развојот на воено-политичката ситуација на Балканскиот Полуостров и Европското бојиште, но и текстови со хумористична содржина во врска со секојдневниот војнички живот, гатанки, крстозборки и германска поезија и песни. Всушност, ретки се статиите со широкообразна тематика, при што би ја истакнале онаа за градот Солун, од Ернст фон Хесе Вартег,[6] меѓу другото, автор на делото „Балканските држави и нивните народи“ од 1917 година.

Во статијата за Солун, градот е опишан како најзначаен геополитички, економски и сообраќаен центар во Македонија, кој истовремено изобилува со вредни културно-историски споменици. Според авторот, се работело за изразито мултикултурна средина со околу 180.000 жители, од кои половината Евреи, 30.000 Грци, 10.000 Бугари, како што е истакнато: „Идните господари на градот“..., Албанци, Власи и Роми. Исто така би истакнале, дека во спомнатата статија се дадени повеќе податоци за социјалниот и културниот живот во градот, кои би можеле да бидат предмет за сеопфатна-продлабочена научна анализа.[7]

Војничкиот весник на Група армии фон Белов[8] односно Група армии Шулц,[9] т.е. „Kriegszeitung Heeresgruppe von Below“ и „Kriegszeitung Heeresgruppe von Scholtz“, како дводневник започнал да излегува во средината на декември 1916. Го печатела печатарското одделение при врховната команда на групата армија, а го дистрибуирала 654. Поштенско одделение од составот на армијата.

Дијапазонот на новинарски статии во гореспомнатиот војнички весник е многу „побогат“ и „поширок“. Скоро и да нема број во кој и да нема статија во која нема разработено одредена историска, религиозна, социо-културна и економска проблематика во врска со Македонија. Така на пример, во временскиот период меѓу мај 1917 и средината на јуни 1917 година, во продолжение се поместени повеќе статии со религиозниот, социо-културниот живот во Кичевско; некои тамошни културно-историски споменици, како манастирот „Св. Богородица-Пречиста“; делувањето на преродбениците Јордан Хаџи Константинов-Џинот, Кирил Пејчинович и Јоаким Крчоски во истиот крај. Исто така, се истакнати историски епизоди од текот на национал-црковната борба, започнувајќи со укинувањето на Охридската Архиепископија во 1776 година, како и делувањето на српската религиозно-образовна пропаганда во истиот крај.

---

[5] https://digital.staatsbibliothek-berlin.de/, https://gallica.bnf.fr/accueil/en/content/accueilen?mode=desktop

[6] https://en.wikipedia.org/wiki/Ernst_von_Hesse-Wartegg;

[7] Kriegszeitung der Elften Armee AHQ 6 november 1915 No. 10.

[8] Од 11 октомври 1916 година именувана според генералот на пешадија Ото фон Белов. Georg Strutz, *Herbstschlacht in Macedonien, Cernabogen 1916.* Gerhard Stalling,Oldenburg 1925, 7-8.

[9] Од 22 април 1917 година, именувана според генералот на артилерија Фридрих фон Шулц. (Bundesarchiv-Militärarchiv Freuburg im Breisgau Deutshland, скратено, BAMAF) PH 5-I/90.

Во други броеви на дводневникот на групата армии, се поместени новинарски статии кои обработуваат повеќе различни социо-културни, етнолошки и економски појави во врска со Македонија, како: тешкиот живот на македонскиот земјоделец; некои карактеристични народни обичаи како посестримството, сродниклукот и веридбата; патописни репортажи за Прилеп, Тетово, просторот с. Шишево – с. Матка, со акцент на кањонот Матка, манастирот Св. Јован Бигорски и изворот „Царска вода“ кај с. Нерези, Скопско; фолклорната музика; одгледувањето на афион во Македонија; животот на Евреите во Македонија во два продолжетоци; изградбата и пуштањето во употреба на новиот воен дом во Скопје.

Во текот на 1917 година, врховната команда на групата армии издала и седум вонредни-специјални броеви на весникот, кои се однесувале на јазикот, писмото и граматиката на месното население, иако и редовните броеви поседувале т.н. „јазично ќоше“, со цел припадниците на германската војска да се обидат да ги научат како се изговараат одредени основни поими, како на пример: пат, град, село, железничка станица, како и некои едноставни фрази, на пример: „Каде се наоѓа“? Што се однесува до карактерот на јазикот на месното население, тој дефиниран како јужнословенски дијалект на бугарскиот јазик, кој бил под големо влијание на турскиот, како последица на вековната османлиска управа и грчкиот јазик, под влијание патријаршиската образовна и религиозна пропаганда, притоа, поместени се и низа други податоци во врска со јазикот и писменоста во Македонија. Во спомнатите вонредни-специјални броеви, паралелно со германската латиница, се користела бугарската верзија на кирилицата, со 32 букви, кодифицирана од филологот Марин Дринов, за чија историја се истакнува, дека водела потекло од старословенската глаголица создадена од Св. Кирил Солунски.

ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА:

Извори:

- Bundesarchiv-Militärarchiv Freuburg im Breisgau, PH 5-I/90.

Литература:

- Ошлис Проф. д-р Волф Ошлис, *Македонија живот и предели*. Македоника, Скопје, 2016, 10-11;
- Strutz Georg, *Herbstschlacht in Macedonien, Cernabogen 1916.* Gerhard Stalling,Oldenburg 1925;
- Troebst Stefan, „Macedonia heroica”. Zum Makedonier-Bild der Weimarer Republik. *Südost-Forschungen.* Band XLIX/1990, R. Oldenbourg/München;
- Thomas Nigel, Babac Dušan, Pavlović Darko, *Armies in the Balkans 1914-18*. Men-at-Arms 356. Osprey Publishing, Oxford, 2001.

МЕНТОРСТВО

Добре Босилковски,
заменик директор

ТУТОРСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Работам во училиште каде се изведува настава од гимназиско и стручно образование, а во рамките на стручното образование се чувствува потребата за помош на одредени ученици при совладување на одредени потешкотии и стекнување на знаења од одредени предмети.

Во училиштето има ученици на кои што им е потребен ментор или тутор, бидејќи самите не се во состојба да ги совладаат потешкотиите со кои се соочуваат.

Туторот обично е приватен инструктор кој ги подучува учениците по некој конкретен предмет или вештина со што ученикот би го подобрил своето знаење и тоа многу побрзо отколку кога истиот би бил во училница.

Туторите се обично приватно најмени и платени од страна на учениците, нивните семејства или агенции.

Меѓутоа со програмата за обезбедување на туторство на ученици во средното образование, а согласно член 48б од Законот за средно образование, на одредени ученици од средно образование им се обезбедува туторство преку овозможување на пристап до бесплатни и дополнителни часови во текот на школувањето.

Да се биде тутор значи предност во самиот процес на образование бидејќи обично тоа се луѓе: комуникативни, организирани, стрпливи, способни да соработуваат со учениците, што е една од најважните компентенции за работа со луѓе која може да се класифицира или да се стави во CV-то на туторот како би имал предност на пазарот на трудот.

Туторот треба да поседува способност да ги препознава различните потреби на учениците уште од претшколско образование, потоа основно и средно образование и да нуди можности за решавање на потребите кои се јавуваат кај учениците предизвикани од различни причини.

Туторството во образованието значи максимална индивидуализација во образовниот процес. Затоа туторството се разликува од традиционалниот начин на работа на наставникот бидејќи му помага на ученикот во формирање на образовните интереси, работи со него индивидуално и потешкотиите во процесот на образование настојува да ги направи полесно совладливи.

Туторството во процесот на образованието во основа е нов вид на педагошка активност. До денес туторството се разгледува од неколку аспекти во процесот на образование:

- Компензација на активности насочени кон решавање на потешкотиите по одделни предмети во средно образование.
- Туторот мора да биде во можност да го реши проблемот со што би го заинтересирал ученикот со образложение дека проблемот е лесен и решлив.
- Ученикот во образовниот систем подразбира формирање на работен процес насочен кон постигнување на конечните резултати.

Според мислењето на педагозите туторството во модерното училиште се заснова на теоријата за педагошка поддршка како независен вид педагошка активност. Треба да се нагласи дека концептите „поддршка“ и „помош“ се различни по нивното значење.

Помошта може да се гледа како систем на мерки чие спроведување има за цел да донесе некому олеснување во нешто, а поддршката е всушност спроведување на овој систем на мерки т.е. активности за помош.

Еден вид на помош претставува и туторството кое што на ученикот во организиран облик со помош на друго лице, особено студенти од повозрасните години, му овозможуваат напредок во учењето. Во процесот на туторството учествуваат:

- тутор

- ученик и
- координатор на туторот.

Тутор може да биде студентот од повозрасните години или предавач. Неговата работа се состои во тоа на ученикот да му дава информации, да го советува, да го мотивира, да го насочува и да му дава пример.

Координатор на туторот е член на стручниот тим кој му помага на туторот независно дали е наставник или студент.

Главна улога на туторот е да го советува ученикот во процесот на учењето, да му помага во избирање на изборни предмети, да се грижи за сместување во дом, јавен превоз итн.

Постојат неколку врсти на туторство кои се разликуваат од обликот на помош како и во тоа на кого му е упатена помошта:

- **Воведно туторство** – предвидено е за почетници ученици во средно образование кое би им помогнало да се прилагодат на својот средношколски живот и да се интегрираат во новото образовно опкружување.
- **Предметно туторство –** служи како дополнителна помош на учениците во разбирањето и учењето по поедини предмети.
- **Туторство на ученици со инвалидитет –** им помага на учениците со посебни потреби полесно да се прилагодат и да се интегрираат на средношколскиот живот. Туторот им помага и во оние ученички активности кои не можат самостојно да ги извршуваат.
- **Туторство за задолжителна пракса –** во овој облик на туторство, туторот му помага на ученикот во изнаоѓање и организирање на практична наства како еден вид на задолжителна активност.

Туторот може да биде приватен инструктор кој учи ученици по некој конкретен предмет или вештина. Таквиот метод „еден на еден“ му овозможува на туторот да ги подобри знаењата или вештините на ученикот многу побрзо отколку кога тој би бил во училница.[1]

Многу од туторите посетуваат ученици на кои им треба драстично подобрување на знаењето или решавање други проблеми; многу од нив предаваат и доста напреден материјал за учениците со особени способности и мотивација.

Туторство е називот на процесот при кој еден ученик е воден од тутор. Во светот сè повеќе туторување може да се добие на интернет.

Улогата на наставникот во овој процес е неизбежно значајна од аспект на моделирање на личноста на ученикот, кога станува збор за формирање мислење и ставови на ученикот во посакуваната насока. Тој во целина, претставува личност што е идеализирана во очите на ученикот и токму поради тоа треба да се искористи во позитивна смисла. Поточно, тој мора да претставува идеален пример, кој ќе има доволно стручни и професионални компентенции, но покрај овие, неопходно е да поседува и позитивни лични карактерни особини.

Наставникот мора да внимава на кој начин и кои стратегии ќе ги употреби за да им ја доближи оваа тема, бидејќи треба да се има предвид дека учениците доаѓаат од различни семејни услови, со родители со различни ставови и уверувања, со различна етничка или културна припадност и сл. При тоа покрај образовната компонента, од голема важност е и воспитната, што подразбира надоградување на социо-емоционален развој и развивање интеркултурни односи помеѓу соучениците од различна културна припадност.

[1] Ристевска С. (1998). Односот на наставникот кон личноста ученик. Скопје: Педагошки завод на Македонија

ЕкоТД

Валентина Ристеска,
наставник по графички стручни предмети

ТРАДИЦИЈА ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ХАРТИЈА

Рециклирање е преработка на користените материјали за добивање нови производи. Со рециклирањето се спречува губењето на материјалите, намалувањето на потрошувачката на нови суровини, се намалува користењето на енергијата, а се намалува загадувањето на воздухот и водата. Најлесни материјали за рециклирање се: хартија, стакло, пластика, текстил, метал. За да постои рециклирање, најпрво некорисните материјали треба да бидат одделени едни од други, односно не треба да се фрлаат како отпад кој понатаму останува во природата и ја загадува средината во која живеат луѓето и останатиот жив свет. Откако ќе се одделат, односно селектираат, материјалите се носат до местото каде што се обработуваат. Таму се прочистуваат иѝ во зависност од материјалот, следат различни процеси на преработка за да се добие финална суровина. Секаков вид на хартија кој што повеќе не се употребува може да се рециклира и реупотреби. Покрај машинско добивање на хартија (од веќе употребена), се применува и рачно рециклирање.

Во графичката струка при СОУ „Таки Даскало“ секоја година, како дел од наставата по предметот Графички материјали, на часовите редовно се рециклира хартија. Во графичкиот кабинет се создаваат услови за добивање на уникатни парчиња хартија при што самите ученици ја усовршуваат постапката на рециклирање, а воедно ја подигаат еколошката свест. Рачното рециклирање започнува со кинење на ситни делчиња хартија која е веќе употребена, нивно киснење во вода, мелење во блендер (каде се добива мека кашеста материја – пулпа), цедење низ мрежичка од сито, пеглање на новодобиената хартија, сушење и пресовање. На новите парчиња хартија добиени по пат на рециклирање може да се црта, бои, печати... Овие работилници се изведуваат не само во рамки на наставата по графичките стручни предмети, туку и во соработка со основните училишта од Битола каде учениците се запознаваат со рециклирањето на хартија, учествуваат во практичните активности и го разбираат значењето на рециклирањето, пред сѐ на хартијата.

Затоа важно е да се рециклира хартија – да не се исфрлаат испишаните тетратки, тестови, весници и сл. Со преработка и рециклирање на стара хартија се користи 15% помалку вода. Некои податоци укажуваат дека со рециклирање на еден тон канцелариска хартија се спасуваат 17 стебла на дрвја, се заштедуваат 4200 киловати енергија и 32000 литри вода!

Во таа насока и графичката струка придонесува во заложбите и нашето училиште да биде еко-училиште. Токму затоа и апелот:

Употребувајте еден производ од хартија повеќе пати!
Грижете се за работната и животната околина – реупотребувајте и рециклирајте хартија!

ПРАКТИЧНА НАСТАВА и учење преку работа

Валентина Маневска и Љупчо Поповски,
наставници по рударски стручни предмети

ГРАДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТНА РАБОТНА СИЛА

Побарувањата на пазарот на трудот и на современите тенденции беа едни од причините за реформите кои во 2019 година се случија во техничкото образование. Долги години наназад работодавачите постојано истакнуваа дека од стручните училишта им доаѓаат дипломирани ученици со доста добри теоретски познавања но, не и со доволна подготвеност веднаш да одговорат на потребите на работните места. Во таков случај работните организации дополнително треба да вложуваат во нив, односно да ги оспособуваат за извршување на работните задачи.

Со модернизацијата на техничкото образование работодавачите добија свое место во креирањето на образовните програми, особено при изработката на стандардите на занимање и стандардите на квалификации во кои јасно истакнаа кои резултати од учење треба да ги постигнат поединците вклучени во образовниот процес за да можат да се стекнат со дадена квалификација. Во таа насока при креирањето на Наставните планови воведено е Учење преку работа кај работодавач како дел од програмското подрачје Практично образование.

Учењето преку работа е процес на учење што се случува кога учениците вршат реална работа во реална работна средина. **Учењето преку работа кај работодавач** има за цел учениците да стекнат соодветно искуство во одредено подрачје и да развијат потребни вештини со кои се зголемува нивната подготвеност за вработување и работа, преку извршување работни задачи кај работодавач, согласно со утврдена програма.

Процесот на Учење преку работа на учениците им овозможува остварување широк дијапазон на резултати како:

- поврзување на теоријата со практичната работа во реална работна околина;
- развивање општи и стручни компетенции, кои се потребни за самостојно вклучување во работниот процес и покусо време за адаптација при вработувањето; учење и користење стручна терминологија во реални услови;
- работа со специфични алатки, средства, направи и уреди;
- стекнување нови стручни знаења;
- препознавање на важноста на добрата организација во работењето во реална средина;
- самостојно извршување на задачи;
- развивање меки вештини, преземање одговорност, градење ставови и почитување прописи и стандарди.

За да се започне со изведување на Учењето преку работа кај работодавач, најпрво е потребно да се изработи База на работодавачи кои ги има во поблиската околина и со кои ќе може да се соработува во наредната година. Базата на податоци ја изработува координаторот во соработка со одговорните наставници по практична настава од соодветните профили во училиштето. Базата се проширува постојано и се додаваат или се бришат компаниите кои не ги исполнуваат условите. Во соработка со Комората се изработени критериуми и услови кои треба да ги исполнува една компанија за да може да прими ученици за практична настава. Еден услов е во нив да се назначи ментор кој има задача да ги прифаќа, да ги организира по работни места, да ги следи и контролира, а на крајот учествува во оценување на учениците. Менторот мора да помини обука за работа со ученици која ја организира Центарот за стручно образование и обука или Стопанската комора.

Со работодавачите и компаниите се потпишува меморандум за соработка, во кој се опишуваат условите и потребите од двете страни. За секој ученик се потпишува трипартитен договор со родителот (за малолетни ученици), Училиштето и Работодавачот. Во договорот се наведени сите права, одговорности и работни задачи на трите засегнати страни.

Концептот за учење преку работа кај работодавач претставува основа за воспоставување, развивање и одржување на соработката на стручното образование со пазарот на трудот и треба да се разбере како процес кој во иднина треба да се одржува и да се надградува.

ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА

м-р Алисија Колевска,
наставник по психологија/педагогија

НАСТАНУВАЊЕ НА ВОЗРАСНОСТА: РАЗВОЈНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОБРАЗОВНИ ИМПЛИКАЦИИ

„Настанувањето на возрасноста е период од животот кога стануваат возможни многу различни насоки, кога малку е одлучено за иднината, кога подрачјето за независно истражување на можностите во животот за повеќето луѓе е поголемо од кој било друг период од животниот век.“
Џефри Ј. Арнет (анг.: Emerging Adulthood)

Н*астанувањето на возрасноста* е развоен период кој за прв пат научно е воведен на почетокот од 21 век во постиндустриските општества. Оваа животна етапа се однесува на периодот помеѓу времето кога поединецот се чувствува дека го започнал преминот кон возрасноста и времето кога смета дека станал возрасен човек на когнитивен, емоционален и бихевиорален план. Чувството дека е започнато преминувањето кон возрасноста вообичаено настапува со приближување кон 18-годишна возраст*, а неговото времетраење е различно за секоја единка, во зависност од индивидуалната концепција за возрасноста.



Настанување на возрасноста како преоден животен период

Периодот на настанување на возрасноста претставува транзиција помеѓу чувството на зависност од родителите за време на адолесценцијата и преземањето одговорности во раната зрелост. Во текот на преодниот период младите ги интегрираат своите интереси и преференции со достапните можности за професионална определба, романтични врски и идеологии, пред да направат конечни избори. Овој период од една страна е перципиран како оптимистичен, бидејќи различни животни патеки остануваат да важат како можни опции, но и исполнет со нестабилност, поради непредвидливоста на иднината. Психосоцијална поддршка во соработка со родителите/старателите е особено важна за идентификување нови улоги, остварување ефикасни социјални интеракции и утврдување вокациски активности кои би довеле до зголемување на чувството на компетентност и сигурност при справување со промените.

Доживувањето на настанувањето на возрасноста налага потреба од филозофија на поучување која ќе го поттикне социо-емоционалниот развој на учениците, поддржувајќи ги во стекнувањето на потребните вештини за што поуспешно прилагодување во светот на возрасните.

Пожелна е училишна атмосфера каде повремено ќе бидат креирани релевантни искуства за подигање на свеста кај учениците во врска со прашањето „Кој/а сум јас и каква замисла имам за мојот живот?“, како на пр.: дискусии за лични приказни и актуелни општествени политики, групни проекти кои акцентираат животни предизвици, ситуациски примери од работни средини и сл. Одговорноста да направат избор од понудени наставни методи и форми на часот, но и да одлучат како ќе бидат оценувани се значајни за учениците кои стануваат граѓани со право на глас. Неопходно е да биде вреднуван сечиј индивидуален придонес, да се унапредува

* Во некои истражувања за дадената развојна фаза опфатени се и 17-годишни испитаници.

разбирањето за демократско учество, да се поттикнува креативност, чувство за естетика, хуманост. Важно е реалноста од надворешниот свет да им биде откриена, со што ќе бидат психофизички поподготвени за понатамошното опстанување. Градењето цврсти релации на соработка и вмрежување помеѓу учениците, наставниот кадар и околината претставуваат неопходен социјален елемент, оспособувајќи ги младите за интегриран живот во одржлива општествена заедница.

Уважувањето на предизвиците кои произлегуваат од развојните задачи на периодот на настанувањето на возрасноста ќе ги поттикне учениците кон оформување автентични просоцијални карактеристики со кои ќе ја втемелат посакуваната иднина во наредните животни етапи.

Користена литература

1. Arnett, J. J. (2015). *Emerging adulthood: The winding road from the late teens through the twenties* (2nd ed.). Oxford University Press. doi: 10.1093/acprof:oso/9780199929382.001.0001
2. Arnett, J. J. (2007). Emerging Adulthood: What Is It, and What Is It Good For? *Child Development Perspectives, 1,* 68-73. doi: 10.1111/j.1750-8606.2007.00016x
3. Arnett, J.J. & Taber, S. (1994). Adolescence terminable and interminable: When does adolescence end? *Journal of Youth and Adolescence, 23,* 517-537. doi: 10.1007/BF01537734
4. Shek, T.L. et al. (2020). Transition from adolescence to emerging adulthood. *The Encyclopedia of Child and Adolescent Development, 7, 3145-3154. doi:* 10.1002/9781119171492.wecad325

ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА

м-р Наташа Ралевска Вучкова,
училишен психолог, гешталт психотерапевт

ОДБРАНБЕН МЕХАНИЗАМ – РЕТРОФЛЕКСИЈА

Ретрофлексијата е невротички механизам на одбрана. Ако интроективецот е тој кој што прави сѐ она што другите сакаат, проективецот му го прави она на другите за што ги обвинува дека му го прават него, тогаш ретрофлективецот е тој кој што си го прави на себе си сето она што би сакал да му го направи на другите луѓе. Ретрофлективецот постапува со себе онака како што на почетокот би сакал да постапи со другите луѓе или предмети. Личноста не ја усмерува енергијата во околината со цел да ја промени за да ги задоволи своите потреби, туку наместо тоа, својата активност ја усмерува кон себе и наместо средината, себе си се поставува како мета на своите постапки и во тој случај ја дели личноста на два дела.

Ретрофлексијата по Перлс значи „Нагло да се сврти против себе“. Кога личноста ретрофлектира тогаш тој себе си си го прави она што му било направено од некој друг т.е она што му го правеле или она што тој сака да му го направи на некој друг поединец или си го прави на себе си она што би сакал некој друг да го направи за него. Во тој случај може да се случи да стане мета на пример на сопствената љубов. Тоа значи дека ретрофлексијата не е секогаш штетна за личноста. На пример, кога личноста си го прави на себе она што би сакала околината да ѝ го направи, што се забележува кај нарцисоидна личност – својата љубов наместо да ја насочи кон објект ја насочува кон себе. Емоционален еквивалент на агресијата е омразата. Но, наместо да се дозволи агресијата да се изрази, се сметало дека омразата може да биде компензирана или заменета со љубов, но ова напротив го зголемува нетолерантниот и агресивен резултат. Така ретрофлексијата во екстремни случаи е самотортура, одрекување од себеси.

Ретрофлексијата како одбранбен механизам го опфаќа пренасочувањето на енергијата која во здравото функционирање би била насочена кон надворешната околина со цел да се воспостави контакт во околината, новата насока е кон внатре, со тоа што личноста си го прави себе си она што би му го правела на некој друг во околината.

Личноста се плаши од последиците што би можеле да произлезат од покажаната агресија, губење на љубовта, физичка казна, остри критики итн… и не се впушта во ризик и не ги искажува своите емоции без разлика дали се позитивни или негативни. Фантазматските застрашувања ја прават личноста да се повлече во себе и да не преземе никакви чекори односно акција. На пример, личноста смета дека ако ја покаже својата лутина кон најблиските луѓе од примарното семејство дека ќе биде отфрлена, односно дека ќе ја загуби нивната љубов а со тоа и ќе биде казнета. Исто така, кога на детето му се забранува јавно да плаче бидејќи срамота е да се покажува тагата пред останатите луѓе и за да не биде критикувано си ги задржува своите емоции во себе.

Постојат случаи кога ретрофлексијата свесно е контролирана, со цел да се заштити себе си, односно задушува одредено однесување кое доколку би го изразил нема да му биде од корист. Напротив, таквото искажување може да го доведе дури и во непријатни ситуации, дури и опасни. Кога личноста се наоѓа во голема кавга неговата лутина може да предизвика и тепачка доколку не ги контролира своите импулси на бес, па во тој случај контролата над себе си е од голема корист. Се разбира дека човекот во текот на целиот свој живот не може да ги искажува и да си дозволи себе си да ги пушти надвор од себе сите емоции со цел интензитет. Би било неопходно дел од нив да си ги задржи.

Кога личноста ретрофлектира тогаш контакт границата се повлекува кон внатре и ја дели личноста на два дела: посматрач и посматран, еден дел кој нешто прави и друг дел на кого му е направено. Во овој случај човекот зборува сам со себе. Кога ќе се проголта несоцваканиот интроект тогаш настанува борба во самата личност, на пример кога личноста е во контакт со својата емоција и сака да ја изрази, а проголтаниот интроект без разлика од каде потекнува

(мајка, татко, брат…) кажува дека не е пожелно секаде да се покажуваат своите емоции бидејќи истите можеби ќе бидат искористени токму против тебе. Тука спаѓаат и чувствата на срам и страв и подразбира посматрање на себе си и донесување на одлуки.

Личноста може да ги сврти кон себе импулсите кои се наменети кон надвор или кон некој друг. Тие импулси може да бидат и пријатни и непријатни. Тука може да се појават различни емоции како на пример: лутина, бес, потреба за вриштење или желба за удирање… Во тој случај, како што спомнав погоре, се јавува интроекцијата „Не треба да им се лутиме нив“, па личноста започнува да ретрофлектира со тоа што лутината ја врти кон себе, односно се лути на самиот себе бидејќи родителите се тие кои го сакаат најдоброто на своите деца и тие знаат што е надобро за нив па НЕ ТРЕБА да им се лутиме.

Ретрофлексијата станува карактерна особина само тогаш кога е хронично нерешена игра помеѓу спротивставените сили внатре во индивидуата. Тогаш исчезнува природниот ритам помеѓу спонтаноста и самонабљудувањето, а губењето на овој ритам го дели човекот на пореметувачки сили. Овие сили ја блокираат личноста да излезе надвор кон светот бидејќи истите се спротивставени во внатрешноста и не дозволуваат нејзино видување на околината, односно ја држат заробена во себе.

На пример, доколку личноста не ја покажува својата емоција-тага без разлика дали непокажувањето на емоциите го научила во детството со тоа што ѝ било забрането да плаче на глас или тоа е нејзина интерпретација на однесувањето на околината, во тој случај тагата ја задржува во себе и ретрофлектира. Меѓутоа личноста кога ќе стане возрасна нема да мора да го поднесува целиот товар на задржување на тагата во себе туку кога ќе стапи во контакт со тагата да ја искаже односно да ја почувствува. Се разбира битно е личноста да не остане залепена на она што го научила во детството, да не остане залепена на она време каде искуството било непокажување на негативните емоции, кое тогаш било привремено, или можеби било грешка во перцепцијата или интуицијата. Можеби личноста само мислела дека така е најдобро или дека со непокажувањето на негативните емоции нема да ги повреди другите луѓе околу себе.

Размислувањето само по себе исто така е ретрофлективен процес, префинет начин на разговарање со себе. Иако размислувањето може да има разрушувачки особини – со спротивставените делови или да одложува со своите застрашувачки фантазии исто така може да биде многу корисно бидејќи му нуди на индивидуата ориентација во врска со сите работи во животот кои се многу покомплексни за да бидат оставени на спонтано решавање. Размислувањето е многу корисно во многу случаи, како на пример при изборот на школувањето, изборот на кариера, партнер... Дури и кај помалку битни работи како што се изборот на филм за гледање во моментот, дали да се оди на вежбање или не и некои слични работи, бидејќи доколку личноста не размислува тогаш не би знаела што би сакала воопшто во тој момент.

За жал ретрофлексијата доведува до внатрешно трошење на енергијата и голем стрес кој останува во личноста и не се движи во правец на потребната акција. Личноста која ретрофлектира го задржува својот импулс за да превземе акција (да зборува, да изразува чувства). Вака потиснатиот импулс кој се повторува сè почесто или доколку содржи силна енергија, може да доведе до напнатост во телото, соматски болести, депресија дури и себеповредување.

Многу битен дел кај овој одбранбен механизам е и одењето кон развој, и тоа кога енергијата на личноста ќе се пренасочи од внатрешна борба кон борба во светот. Ослободување на енергијата настанува со воспоставување на односи со некој надвор од себе.

Ретрофлексијата се препознава кога личноста употребува повратна заменка себе, себе си. Ја цепи личноста на извршител и оној врз кој се извршува дејството и станува свој најлут душман. Правата ретрофлексија секогаш се темели врз така поделената личност и е составена од активен и пасивен дел. Личноста не умее да повлече граница меѓу себе и околината, па ја повлекува јасно насред себе. Личноста зборува за себе, а го прави тоа како да зборува за друг.

Многу психосоматски тегоби се ретрофлексии. На импулсот што има тенденција да предизвика активност надвор во полето му е спротивставена контра сила што не го дозволува тоа. Исходот е неделување. На физичко ниво тоа е напната мускулатура. Исто ретрофлективно

однесување има кога покретот е спречен во своето настанување. Пример инхибиција на удар, што се покажува преку напнатоста на мускулите, стисната во неподвижна дланка или укочена нога како резултат на инхибирано шутирање.

Најзначајни ретрофлексии се: омраза насочена директно против себе, нарцизам, само-контрола. Најопасна ретрофлексија е самодеструкцијата. После неа е тенденцијата за потиснување – само-контрола, потиснување на спонтаните потреби и присилно правење работи без интерес. Само-контролираната личност секогаш има диктаторски тенденции. Препуштајќи се самата на себе си и давајќи им на другите луѓе наредби, личноста што ретрофлектира си дава простор за дишење и си дозволува да ги изрази своите организмички потреби. И останува да научи да ги разбере своите барања и да се идентификува со нив, а не само барањата на средината и совеста.

Како пример за ретрофлексија исто така е и комплексот на инфериорност – убава девојка на бал не се нафаќа да се натпреварува со погрда девојка, а всушност стои ароганција позади ретрофлексијата. Склона е кон неодобрување на луѓето, но го ретрофлектира потсмевањето врз себе при што се добива ретрофлектирано обвинување.

Интроспекцијата е друг вид на ретрофлексија, тенденција личноста да се набљудува самата себе си. Луѓето го потиснуваат нивното објективно набљудување и го менуваат во самонабљудување со цел да ја избегнат непријатноста, збунетоста и стравот, не сакајќи да бидат земени како неучтиви и љубопитни.

Во текот на терапискиот процес на почетокот при разрешувањето на ретрофлексијата особено е важно терапевтот да се фокусира на телесниот процес со цел клиентот да стане свесен за тоа на кој дел од телото чувствува дека ја задржува енергијата. Да му даде глас, да зборува од тој дел на телото, да се слушне себе си. Исто така може да му се предложи на клиентот длабоко да вдише и да издише, да стане свесен како може да почне да се релаксира себе си. Кога ќе настане дијалог помеѓу спротивставените делови во личноста, делот кој посматра и кој ги искажува своите наредби.

Разрешувањето на ретрофлексијата значи пренасочување на импулсот и активноста од внатре кон надвор со барање на соодветната личност или предмет. Терапевтскиот процес бара оспособеност да се види каде постои ретрофлексијата и да се развие чувство за поларностите (извршител и извршеник) и да се поттикне изразување на дејства содржани во нив како и пронаоѓање на ново креативно решение помеѓу единката и средината, како пат на сопствено организмичко функционирање.

Терапијата на ретрофлексиите е поедноставна отколку терапијата на останатите потиснувања или проекциите, единствена промена што се бара е во правецот, конфликтите делумно лежат на површината. Сите ретрофлективци почувствувале дека прекинувањето на ретрофлексијата е против нивните принципи. Без совест, морални табуа, страв од последиците ретрофлексијата не би постоела.

Користена литература:

1. Ф.С.Перлс (2000) Его, глад и агресија. Скопје
2. Phil Joyce & Charlotte Sills, Вештини во гешталт советување и психотерапија (интерен превод)
3. Ф.С.Перлс, Гешталтистички пристап
4. Vernon Van De Riet, J.J.Gorel, Гешталт терапија „Вовед” (интерен превод)

ПРОМОЦИЈА НА ПЕЧАТЕНО ДЕЛО



ОБЈАВЕН ЗБОРНИКОТ „ГЕРМАНСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА МЕСНАТА САМОЗАШТИТА ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1943 – 1944 ГОДИНА)“

Зборникот „Германски документи за месната самозаштита во егејскиот дел на Македонија (1943-1944 година)“, предговор, вовед, избор и редакција од д-р Роберто Трајковски, опфаќа тема од историографијата која досега е недоволно разработена, односно за неа парцијално се пишувало од неколкумина научници. Намерата на редакторот на ова издание кое го поддржа Државниот архив, беше да ја запознае научната и поширока читателска јавност со формите на политичка и вооружена колаборација на поединци и групи од егејскиот дел на Македонија со Третиот рајх. Во документација на Вермахтот тие се среќаваат под различни термини, а посебно интересен факт е што припадниците на организацијата ВМРО имале клучна улога при организирањето на тие единици во егејскиот дел на Македонија.

Поместените документи во оваа збирка, претежно потекнуваат од Националните архиви на САД – Вашингтон, Сојузниот архив – Воен архив Фрајбург на Брезгау – Сојузна Република Германија, Централниот државен архив на Баварија и Рускиот државен воен архив. Преведените, редактираните и објаснетите документи во врска со споменатите колаборационистички вооружени формации во егејскиот дел на Македонија ќе пополнат празнина во историографијата и ќе им бидат од голема полза на истражувачите на наведениот период и дејства за време на Втората Светска војна. (извор: https://arhiv.mk/2022/08/05/објавен-зборникот-германски-докуме/)



ОБЈАВЕНИ ДВА РОМАНИ НА ВЕСНА ЗДРАВКОВСКА-ТРАЈКОВСКА

Спец. проф. Весна Здравковска-Трајковска е авторка на романите „Души близнаци 11:11“ (прв дел) и „Души близнаци низ дванаесетте димензии на свесност“ (втор дел). Фокусот и во двата романи е особено на женската судбина, која се обработува преку различни персонални приказни што ги истражуваат емотивните и духовни аспекти на нивните искуства. Претставени се различните аспекти на женската природа и судбината преку различни временски периоди и култури, вклучувајќи ја историјата и митовите што ги формираат нашите видувања. Темите вклучуваат претходни животи, реинкарнација, љубов, искушенија, и морални предизвици.

„Души близнаци 11:11“ и „Души близнаци низ дванаесетте димензии на свесност“ се преведени на српско-хрватски и англиски јазик. Првиот дел има 15 изданија, додека вториот дел има 10 изданија. Продадени се во 60.000 примероци низ светот.

ОБЈАВЕНА КНИГАТА ПОЕЗИЈА „ДВЕ Д“ НА МИЛИЦА Д. РАДЕВСКА



Милица Димитријовска-Радевска, наставник по македонски јазик и литература, ја објави книгата поезија „Две Д“. За оваа книга таа ја доби наградата „Книжевен круг за поезија“ што ѝ ја додели Друштвото на писатели „Битолски книжевен круг“ во рамки на 12-та меѓународна манифестација „Битолски книжевни пametења“ која се одржа во јули 2023 година во кристалната сала на КИЦ – Офицерски дом во Битола.

Издавач на книгата е „Битолскиот книжевен круг“, а рецензенти се: Весна Мундишевска-Велјановска и Даниела Андоновска-Трајковска. Дизајнот на корицата е на Марија Кривашија.

Книгата е спој на животот, поезијата и музичката уметност (класичната музика, поконкретно). Таа ги обедини детството и зрелото доба во чин на прослава на највозвишените човечки чувства.

ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Николина Поповска,
наставник по македонски јазик и литература

РЕЦИТАТОРСКА СЕКЦИЈА И ЛИТЕРАТУРЕН КЛУБ

Убавината на младешкиот полет и ентузијазам еве веќе 29 години го исполнуваат културниот простор на поетската реч. Рецитаторската секција и литературниот клуб успешно работаат и достојно го презентираат нашето училиште.

Членовите на рецитаторската секција и литературниот клуб макотрпно работаат интерпретирајќи го својот талент, истражувачки дух и пред сè љубов кон поетскиот збор создавајќи разнообразни литературно уметнички дела.

Нивната креативност иницираше создавања на поетски театар именуван како „Поетски зговор“. Многу перформанси беа одиграни во училиштето, „Народниот театар – Битола“, „Завод, музеј, галерија Битола“, НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, битолските кафулиња и други алтернативни простори. Поетскиот театар учествуваше со голем успех и на театарски манифестации.

Големо задоволство претставува и организирањето промоции на книги, како: „Ден-денување“ на Весна Мундишевска-Велјановска, „Како за почеток“ од група автори, „Анморс“ од Јован Ристовски, „Пред четвртиот елемент“ од Елена Трпковска и др.

За квалитетните содржини што ги понуди програмата на рецитаторската секција и литературниот клуб сведочат и учествата во многу работилници организирани од Министерството за образование, Министерството за култура, реномирани културни установи итн.



Работата на учениците безброј пати беше валоризирана со награди и признанија, освоени први, втори и трети места на државни и општински натпревари.

Како ментор на рецитаторската секција и литературниот клуб благодарна сум што имав такви деца кои ми ја збогатија професионалната обврска со вистинско чувство на среќа, иновативен предизвик и бескрајна љубов којашто зрачеше како на нивните настапи, така и на незаборавните проби кои со нетрпение ги исчекувавме секогаш повторно и повторно...





ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ

Катерина Спасовска-Маурдева,
наставник по графички стручни предмети

ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА

Волонтирањето претставува вложување на сопственото време, знаење и искуство во одредена организација, фирма, компанија, здружение на граѓани или владина институција. Волонтирањето претставува извршување на определена активност врз основа на сопствената волја без очекување на парична или друг вид на добивка. Токму затоа волонтирањето е непроценливо искуство за секој човек. Да се биде волонтер неопходно е да се има добра волја, а волјата претставува сила која го придвижува волонтерот кон нови искуства. Во текот на волонтерските акции волонтерите им помагаат на други лица, но истовремено си помагаат и сами на себеси си проширувајќи ги сопствените знаења, вештини, запознавајќи нови луѓе, стекнувајќи нови искуства.

Во 2006/2007 година група ентузијасти во СОУ „Таки Даскало“ – Битола го формираа волонтерскиот клуб на училиштето, иако волонтерски активности се реализирале многу години претходно. Така започнува една успешна приказна која трае до ден-денес. Во оваа училишна организација членувале голем број ученици од сите струки во училиштето заедно со своите одговорни наставници Мирјана Гичевска и Катерина Спасовска Маурдева, секако во соработка со огромен број колеги-наставници и уште поголем број ученици. Со гордост можеме да истакнеме дека дел од учениците продолжиле со активно волотирање во многу невладини организации по завршувањето на образовниот процес во нашето училиште. Волонтерскиот клуб на СОУ „Таки Даскало“, во 2010 година се преименува во **Волонтерски клуб „Тереза Фердинанди Литовска“**, во чест на нашата колешка која прерано почина и која остави ние да го продолжиме нејзиното хумано дело.

Волонтерските акции се организираат во повеќе сектори, а најчесто во областа на социјалната заштита и помош, заштита на животната средина, еколошки акции, организирање на хуманитарна помош, работа со млади, спорт итн. Па така долг е списокот на институции од различен сектор со кои соработувал или сè уште соработува волонтерскиот клуб. Некои од нив се: Општина Битола, МКЦ – Битола, ЈП „Комуналец“, „Грин Гарден“, невладината организација „Сфера“, ЦПЛИП „Порака“, Дом за стари лица „Сју Рајдер“, Завод за деца со оштетен слух и говор „Кочо Рацин“, Дом за доенчиња – Битола, организацијата „Златно перо“, „Пакомак“, „Екопак“, градинки, основни и средни училишта и уште многу други.

Секако неизоставен дел се и донаторските акции од помали и поголеми размери, а под мотото „Нечие малку за некого е многу“. Расте среќата и се градат мостови на човечност и безрезервна љубов. Заради сето погоре наведено, во 2017 година волонтерскиот клуб „Тереза Фердинанди Литовска“ при нашето училиште, се закити со наградата за **најдобар волонтерски клуб во Општина Битола**.

Во текот на волонтерските акции расте соработката помеѓу учениците, нивните залагања, не постои ривалство и секој со сопствениот придонес чекори кон иста цел, а задоволството и успехот се заеднички на тимот волонтери. Низ волонтерските акции се зајакнува чувството на заедништво и припадност, а се намалува социјалната изолација и неправедноста на која сме изложени. Волонтерските акции се клучен фактор за реализација на основните вредносни принципи како што се праведност, солидарност, инклузивност...

За крај, не стојте настрана, поддржете го волонтеризмот доколку сакате да успее генерацијата на која и припаѓате. Ајнштајн рекол дека обврска на секој е да му врати на светот барем толку колку што од него зел!

С О Д Р Ж И Н А

КОЛУМНА **2**
м-р Марија Младеновска-Димитровска, АЛГОРИТМОТ НА НАШЕТО ВРЕМЕ 2
БЕЛЕЖИМЕ – Јубилеј **3**
Јубилеј 40 години СОУ „Таки Даскало“ – Битола 3
СОВРЕМЕНА НАСТАВА **4**
Марија Јовановска, КОМУНИКАЦИЈА ВО НАСТАВАТА 4
Весна Мундишевска-Велјановска, НАСТАВНИ СТРАТЕГИИ ЗА РАБОТА СО НАДАРЕНИ И ТАЛЕНТИРАНИ УЧЕНИЦИ 8
СЕМИНАР-РАБОТИЛНИЦИ **11**
Милица Д. Радевска, ТАКСОНОМИЈАТА НА МАРЗАНО КАКО ПОХОЛИСТИЧКИ ПРИСТАП ВО ОБРАЗОВАНИЕТО СО ФОКУС НА УЛОГАТА НА УЧЕНИКОТ 11
Даниела Митревска, ПРИМЕНАТА НА АКТИВНИ МЕТОДИ ВО НАСТАВАТА ВО СОУ„ТАКИ ДАСКАЛО“ 13
БЕЛЕЖИМЕ **14**
Вредни донации на книги за СОУ „Таки Даскало“ – Битола 14
Соработка со „Американско катче“ – Битола 14
ПРИМЕРИ ОД НАСТАВНАТА ПРАКТИКА **15**
Валентина Богојовска, „ШТО“ ИЛИ „КАКО“, ПРАШАЊЕ Е СЕГА 15
м-р Весна Јовановска, ВНАТРЕШНИТЕ МОНОЛОЗИ НА ГЛАВНИОТ ЈУНАК, ИВАН ИЛИЧ, ... 16
ВО ДЕЛОТО „СМРТТА НА ИВАН ИЛИЧ“ ОД Л. Н. ТОЛСТОЈ 16
Кики Младенова, THINK 3 (B1+), CAMBRIDGE UNIVERSITY PRESS (Puchta, Stranks, Lewis-Jones) 18
ИСТРАЖУВАЊЕ **20**
Мирјана Гичевска, ВРЕДНОСТИ И ВРЕДНОСНИ ОРИЕНТАЦИИ НА НАСТАВНИОТ КАДАР ПРИ СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА 20
м-р Гордана Кожуваровска, СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ПРЕДИЗВИКАНИ ОД МЛАДИ ВОЗАЧИ 22
Славица Наумовска, АРТ ТЕРАПИЈА КАКО ПСИХОЕДУКАТИВЕН СТИМУЛАТОР ЗА НАМАЛУВАЊЕ НА ПСИХО-НЕВРОТСКИТЕ КАРДИОВАСКУЛАРНИ РЕАКЦИИ И ЈАКНЕЊЕ НА АДОЛЕСЦЕНТНА ЛИЧНОСТ 24
д-р Роберто Трајковски, ГЕРМАНСКИТЕ ВОЕНИ ВЕСНИЦИ ОД ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА КАКО ИЗВОР ЗА АКТУЕЛИЗИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКОТО ПРАШАЊЕ ПРЕД ГЕРМАНСКАТА ЈАВНОСТ МЕЃУ ДВЕТЕ СВЕТСКИ ВОЈНИ 29
МЕНТОРСТВО **32**
Добре Босилковски, ТУТОРСТВО ВО ПРОЦЕСОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО 32
ЕкоТД **34**
Валентина Ристеска, ТРАДИЦИЈА ЗА РЕЦИКЛИРАЊЕ НА ХАРТИЈА 34
ПРАКТИЧНА НАСТАВА и учење преку работа **35**
Валентина Маневска и Љупчо Поповски, ГРАДЕЊЕ НА КВАЛИТЕТНА РАБОТНА СИЛА 35
ПЕДАГОШКО-ПСИХОЛОШКА ПРАКТИКА **36**
м-р Алисија Колевска, НАСТАНУВАЊЕ НА ВОЗРАСНОСТА: РАЗВОЈНИ КАРАКТЕРИСТИКИ И ОБРАЗОВНИ ИМПЛИКАЦИИ 36
м-р Наташа Ралевска Вучкова, ОДБРАНБЕН МЕХАНИЗАМ – РЕТРОФЛЕКСИЈА 38
ПРОМОЦИЈА НА ПЕЧАТЕНО ДЕЛО **41**
ОБЈАВЕН ЗБОРНИКОТ „ГЕРМАНСКИ ДОКУМЕНТИ ЗА МЕСНАТА САМОЗАШТИТА ВО ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА (1943 – 1944 ГОДИНА)“ 41
ОБЈАВЕНИ ДВА РОМАНИ НА ВЕСНА ЗДРАВКОВСКА-ТРАЈКОВСКА 41
ОБЈАВЕНА КНИГАТА ПОЕЗИЈА „ДВЕ Д“ НА МИЛИЦА Д. РАДЕВСКА 41
ВОННАСТАВНИ АКТИВНОСТИ **42**
Николина Поповска, РЕЦИТАТОРСКА СЕКЦИЈА И ЛИТЕРАТУРЕН КЛУБ 42
Катерина Спасовска-Маурдева, ВОЛОНТЕРСТВОТО ВО СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО“ – БИТОЛА 43


РАЗГЛЕДИ
Државно средно училиште "Таки Даскало" - Битола
Стручен билтен на наставниците
Година I - Број 1 - Ноември 1999 год.
РАЗГЛЕДИ
Државно средно училиште "Таки Даскало" - Битола
Стручен билтен на наставниците
Година I - Број 2 и 3 - Април 2000 год.
РАЗГЛЕДИ
Државно средно училиште "Таки Даскало" - Битола
Стручен билтен на наставниците
Година II - Број 4 и 5 - Февруари 2001 год.
РАЗГЛЕДИ
Државно средно училиште "Таки Даскало" - Битола
Стручен билтен на наставниците
Година II - Број 6, 7 и 8 - Мај 2003 год.
РАЗГЛЕДИ
Државно средно училиште "Таки Даскало" - Битола
Стручен билтен на наставниците
Година IV - Број 9 и 10 - Ноември 2004 год.
РАЗГЛЕДИ
Државно средно училиште "Таки Даскало" - Битола
Стручен билтен на наставниците
Година V - Број 11 и 12 - Април 2005 год.
РАЗГЛЕДИ
РАЗГЛЕДИ
13-14
СОУ „ТАКИ ДАСКАЛО" - БИТОЛА
еко
РАЗГЛЕДИ
СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ
БР. 15-16
ФЕВРУАРИ 2011
СРЕДНО ОПШТИНСКО УЧИЛИШТЕ
„Таки Даскало"
Битола
СТРУЧЕН БИЛТЕН НА НАСТАВНИЦИТЕ
17 - 18
РАЗГЛЕДИ
2014